**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 септември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,14 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по Шеесет и деветтата седница на собранието на Република Македонијна.

Пратениците Мендух Тачи, Арбен Џафери, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Радмила Шекеринска, Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски, Данаил Дончев, Марјан Додовски, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Предлог за донесување на закон за постапување по претставки и предлози.

Претресот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за постапување по претставки и предлози.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за постапување по претставки и предлози, при што ќе ги има предвид предозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок зедно со извештаите на работните тела и стенографските забелешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Молам, службите уште еднаш да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за управна инспекција, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот министер за правда.

Повелете господине Маневски.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Дополнувањето на законот за управната инспекција е во функција на јакнење на контролната и надзорната функција на Државниот управен инспекторат во врска со примена на законите и владеење на правото. Значи, Државниот управен инспекторат кој што беше ставен директно на маргините во текот на изминатата година презеде низа значајни активности во врска со остварувањето на функцијата на Инспекторатот со јакнењето на неговиот капацитет и со остварувањето на функцијата на едукацијата на управните инспектори и тоа даде исклучително добри резултати.

Сакам да ве известам дека со дополнувањата на Законот практично се определува дека Државниот управен инспекторат работите од својата надлежност ги врши со инспекциските надзори, кои што треба да се извршуваат согласно Годишната програма за работа на Државниот управен инспекторат и месечните оперативни програми, меѓутоа Законот предвидува дека инспекциските прегледи на Државниот управен инспекторат мора да се вршат и во случај кога Државниот управен инспекторат нашол определена состојба и донел решение за надминување на определени неповолни состојби и во врска со примена на Законот, па при тој контролен преглед утврдува дали е постапено согласно неговите напатствија и согласно донесените решенија. Исто така, во Законот се предвидуваат покрај редовните инспекциски надзори да се врши и вонреден инспекциски надзор од страна на управната инспекција и тогаш кога се поднесени и одредени иницијативи за тоа и кога се постапува по определени претставки и предлози и контролни, за кои веќе ви кажав. Сега, секако дека овие измени на овие дополнувања на Законот за управната инспекција ќе бидат дополнителен прилог за јакнење на транспарентноста и одговорноста на Државниот управен инспекторат, а согласно дополнувањето во Законот Годишниот извештај за работа на Државниот управен инспекторат се објавува на веб страницата на Министерството за правда, со што се обезбедува целосна транспарентност, а со тоа и јакнење на одговорноста на оваа значајна институција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе, почитуван претставник на Владата, колеги пратеници.

Пред нас се измените и дополнувањата, всушност од дополнувањата на Законот за управната инспекција се заедно со Предлог-законот, еден законски текст кој мислам дека многу порано можеше да биде сотавен од страна на Владата пред нас пратениците, доколку Владата искрено во изминатиот период работеше на Европската агенда. Се работи за дополнувања кои што се по број од пет-шест члена, за кои е неспорно дека има потреба да се донесат, не само затоа што се дел од националната програма за усогласување со правото на Европската унија, туку поврзаноста на овие измени и дополнувања заради ефикасноста во надзорот над управната работа во органите на државната управа, врз основа на констатирани слабости од изминатите години, а секако овие измени и дополнувања произлегуваат и поврзани се и со амандманите од 20 до 30 усвоени до 2005 година од страна на претходниот парламентарен состав. Меѓутоа, доставувањето на овој закон летово, значи една година откако работи оваа Влада, само го покажува капацитетот, се разбира под наводници, на Владата за работа на приоритетите кои се во интерес на Република Македонија. Јас ќе го кажам и ставот на пратениците на СДСМ дека ние ќе го оддржиме овој законски текст. Впрочем и иницијативата на оваа партија беше за поголема ажурност и ефикасност во работата на државните органи, на органите на управата, што впрочем беше и дел од амандманите од 2005 година и од што понатаму произлегоа измени и дополнувања на голем број законски текстови, за да ја зголемиме ажурноста и ефикасноста. Секако, кога станува збор и за овластување на органите на управта, прашањето на надзорот е многу значајно. Значи, овој текст со измени и дополнувања и претходно беше во работна верзија, зошто толку Владата чекаше, навистина мене не ми е јасно, па дури и при усвојувањето на дневниот ред на оваа седница беше некаде во долниот дел иако е поврзан со евроинтегративните процеси на донесувањето на законот, па врз основа на предлог на колегата Најдовски тогаш мнозинството овде во Парламентот се надмина, па гласаше, овој закон наместо да биде во долниот ред од дневниот ред, да биде сега како точка која што ќе се разгледува пред изборниот законик и други законски текстови кои остануваат во долниот ред, за да може да кажеме дека овој закон е усвоен.

Би сакала да спомнам уште едно прашање што е поврзано, барем во делот кој се однесува на причините поради кои треба да се донесе Предлогот на законот за дополнувње на Законот за управна инспекција кои се наведени во ова образложение што е до нас доставено, па Владата смета дека една од причините е согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, една од функциите на органите на државната управа е вршење надзор над работа на органите на државната управа, кој го опфаќа и инспекцискиот надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи од страна на државните органи и организации, јавни претпријатија, установи и други правни лица, на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања кога решавањето во управните работи непосредно применувајќи ги прописите, решаваат за правата и обврските и правните интереси на физичките и правни лица и други странки во управната постапка. Значи, се поврзува и потребата од изменување и со законот за организација и начин на работа на органите на државната управа, но мислам дека со сите законски текстови поврзани со органите на државната управа што Владата ги доставува на усвојување во Парламентот, најмалку Владата води грижа за Законот за организции и работа на органите на државна управа, а тоа го прави на еден перфиден начин, затоа што секое изготвување и усвојување на измени и дополнувања или сосема нов текст на овој закон, бара поддршка од 2/3 од пратениците во Парламентот. Владата вешто за да го избегне консензусот и потребата од усогласување на ставовите во однос на овој важен закон, кој се однесува на организација на државната управа со други закони кои се донесуваат со апсолутно или релативно мнозинство, предлагта многу решенија кои треба да бидат составен дел од овој закон. Меѓутоа, еве овде кога нешто и одговара на Владата да се посочи само како потреба, стои наведување на Законот за организација и начин на работа на органи на управа, но јас апелирам до Владата дека многу подобро би било заради правилно функционирање на органите на управата, Владата своето внимание да го насочи кон овој закон, а не со редица други закони, со една огромна бројка на закони кои изминатава година се усвоија во Парламентот, да се дерогираат одредби од Законот за организација и начин на работа на органи на управа, па сега се соочуваме со една состојба кога голем број на органи на управа востановени со други закони воопшто не се спомнати во Законот кој е најважен, а тоа е за организација и начин на работа на органи на управа. Искрена да бидам не верувам колку ова Владата ќе го прифати, бидејќи за Владата најмалку битно е да покаже консензус во својата работа заедно со останатите политички партии, секако не е за да се усогласат ставовите 100%, тоа никогаш не е можно, меѓутоа да се дебатира за интересите на Република Македонија. Претставниците на Владата апсолутно не покажуваат интерес да се дебатира за одредени прашања, да се градат заеднички ставови и тие ставови да бидат во интерес на Република Македонија. Има многу други точки од дневниот ред за кои многу поопширно би можеле

да зборуваме за овие прашања, па јас затоа сега ќе завршам со дискусијата, уште еднаш повторувајќи дека нам пратениците од опозицијата навистина ни е задоволство кога може да гласаме за законски проекти што се во интерес и на Република Македонија и на граѓаните, но за жал, таквиот интерес не го чувствуваме кај претставниците на Владата. Овој закон ќе го поддржиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресто и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за управната инспекција.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавноправната комисија поднесе амандман на член 4 со кој се согласил претставнкот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи, никој не бара збор...

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Пријавена сум јас за збор.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам ве нема овде кај мене.

Повелете госпоѓо Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Бидејќи се уврди потребата од дополнување на Законот за управна инспекција, сега го разгледуваме текстот на Предлог-законот, сакам да спомнам уште неколку збора.

Со Предлог-законот се предвидува инспекцискиот надзор, инспекторатот да го врши преку редовен инспекциски надзор, вонреден инспекциски надзор и контролен инспекциски надзор. Во интерес на запознавање со текстот на законот и на македонската јавност, дозволете ми да прочитам што значат овие надзори. Еве во законот е предвидено дека редовниот надзор опфаќа надзор на спроведувањето на Законот за општа управна постапка и другите закони што содржат одредби за управната постапка, како и над извршувањето на прописите за канцелариското работењел Во наредниот надзор се врши врз основа на иницијативи, претставки и предлози поднесени од државни органи, правни и физички лица, како и во случај на сомневање на инспекторот, а контролен надзор се врши по истекот на рокот определен во решението, донесено од страна на инспекторатот. Сето ова добро звучи и навистина би требало да има и резултати во пракса до колку овие одредби се применуваат така како што е напишано во Законот.

Меѓутоа, дозволете да го искажам моето лично сомневање дека во изминатава година од начинот на кој што функционира инспекторатот, многу помалку се внимава на поврзаноста на овој надзор со законските прописи, а многу повеќе за разлика од целокупниот изминат период во самостојна Македонија до минатата година, се внимава на партиските интереси на владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ. Навистина ја искажувам и својата загриженост и како пратеник и како граѓанин на Република Македонија, ако управниот инспекторат надзорот го врши исклучиво заради остварување на партиски интереси на ВМРО-ДПМНЕ и заради создавање притисок во работата на сите оние органи, значи државни службеници, кои работат на спроведување на Законот за управна постапка. Тука посебно би сакала да спомнам надлежност и во делот кој се однесува на судската управа, бидејќи инспекторатот врши надзор во работата на судската управа, меѓутоа судската власт не смееме да заборавиме дека е независна во целина и дека ваквиот начин на надзор кој се однесува на управното раотење, не смее во никој случај да значи пречекорување на овластувањата и начин на кој што ќе се врши притисок во технологијата на работата по судските предмети од нивното евидентирање во уписници во судот, распоредување кај судиите, земање во работа, тек на работата, завршување и доставување на странските, бидејќи тоа создава една голема опасност власта директно да влијае во работата на судските органи.

Не во донесувањето на самата одлука кај судиите, тоа е друго прашање и за тоа може да зборуваме како власта се однесува и во овој сегмент, меѓутоа, сега се зборува конкретно, во делот на судската управа.

Тоа се почитувани колеги, големи опасности кои што навистина не се во ничиј интерес. Можеби значат задоволување на дневнополитички интереси на политичките партии што се на власт, но на долг рок за Македонија претставуваат и создаваат огромна штета, кој што некогаш може да биде и ненадомеслива.

Јас не се сомневам во професионалниот капацитет на инспекторите што го вршат овој надзор, меѓутоа прашањето е колку раковдните структиру вршат и можат да вршат влијание врз

работата за да дојде до вакви злоупотреби за кои што зборував. Токму затоа сакам да напоменам во својата дискусија, повеќе и како апел до власта, но и како апел до инспекторите својата работа да ја вршат професионално и одговорно, онака како што предвидуваат законите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници и сите 56 гласале за.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Гласањето е валидно.

Констатитам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за управната инспекција.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работнте тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отоврам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе.

Почитувани дами и господа пратеници,

Со дополнвувањето на законот за Владата на Република Македонија практично се уредуваат две прашања.

Првото прашање е доследното спроведување на Рамковниот договор. Имено, Владата на Република Македонија уште од самиот почеток тргнува од потребата од целосно и доследно спроведување на Рамковниот договор и почитување на принципот за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт и државните служби.

Секоја седница на Владата започнува со три претходни прашања, а тоа е спроведувањето на евроинтеграцијата, потоа прашањето за НАТО и трето прашање е спроведувањето на Рамковниот договор.

Значи, со дополнување на законот за Владата првото прашање е тоа што досегашниот сектор за спроведување на Рамковниот договор со петто одделение, кои што беше во состав на генералниот секретаријат на Владата практично тој сектор се трансформира во секретаријат за спроведување на Рамковниот договор со точно определени надлежности што се содржани во одредбите на законот, член 40-в, а именуван секретаријат за спроведување на Рамковниот договор. Практично ги врши работите што се однесуваат на координација и усогласување на работите на органите на државната управа во врска со примена на принципите за соодветна и правична застапеност, уредување на координација и подршка на Владата, соодветни акциони планови, едукација на кадри итн, значи сите прашања што се содржани во надлежноста на секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, се точно наведени во членот 40-в, и јас нема да ги повторувам.

Сега согласно законот за Владата, Владата има два секретаријати. Тоа се секретаријатот за европски прашања и секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

Оваа Влада покрај тоа што тројно го зголеми износто на средствата потребни за доследно спроведување на Рамковниот договор секако дека и на овој начин со подигнувањето на нивото на органот во рамките на Владата, кој што сега станува секретаријат за спроведување на Рамковниот договор очигледно придава соодветно значење за доследна и целосна примана на одредбите од Рамковниот договор.

Второт прашање што се однесува за дополнување на законот за Владата е прашањето заради редовно информирање на Владата и јавноста во работата на Владата практично во членот 1 со кој се дополнува членот 40-а за редовно информирање на јавноста за работата на Владата и донесувањето на заклучоците ги врши портпаролот на Владата на Република Македонија кој го именува и разрешува Владата.

Не знам дали има некоја Влада во светот кој нема гласноговорник или портпарол. Значи, оваа Влада уште од самиот почеток тргнува од тоа дека јавноста ќе ја известува, ќе биде транспарентна, ќе биде одговорна, ќе ја известува јавноста за заклучоците, за мерките што ги презема, за резултатите што се постигнуват и секако дека на тој начин Владата секогаш ќе биде во функција на потребите на граѓаните. Владата наоѓа за потребно целосно да ги информира граѓаните за состојбите и секако дека најголем сојузник на Владата за спроведување на мерките и активностите што ги презема се токму граѓаните, затоа што Владата работи токму во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Затоа мислам дека функциите што ќе ги врши портпаролот за информирање на јавноста, работите се во функција на транспарентност, отчетност и одговорност на Владата.

Оваа Влада не бега од одговорност. Оваа Влада јасно и гласно говори за сите прашања и проблеми, така ќе говори и во наредниот период, а тоа ќе го врши покрај на редовни конференции и

прес конференции, ќе го врши и портпаролот на Владата кој ќе го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Благодарам, ве молам да ја усвоите потребата за дополнување на законот за Влада.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министер.

Има збор господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван министер претставник на Владата.

Веднаш на почетокот да ви го најавам нашиот став по однос на подршката односно по однос на забелешките и резервите кои ги имаме во односн на измените и дополнувањата на законот за Влада.

Ќе започнам дискусијата еден вид процедурално, доколку сметате за потребно можете веднаш да се произнесете, јас ќе го прекинам зборот, во зависност од тоа како ќе се произнесете ќе продолжите со дискусиите.

Понатаму, можете и после мојата диксусија да се произнесете, вие тоа сами ќе процените.

Бидејќи овој закон има два клучни пункта на кој се однесува, сегменти кои ги регулира, тоа се формирање на секретаријата за спроведување на Рамковниот договор и втората работа е за изменување на статусот на секторот за информирање на Владата однсоно статусот на портпаролот на Владата.

Сметаме дека овие две различни работи што се предмет на изменување на овој закон немаат врска една со друга и немаат врска со образложението наведено во законо и кое вие го кажавте односно немаат иста тежина со интересот на Република Македонија и целта која треба да се постигне вистински со овој закон.'

Нашата политичка волја и одлука е дека треба да се подржи овој закон и ние како СДСМ и како опозиција треба да гласаме за и да го подржиме овој закон, најмногу и единствено поради формирањето на секторот за спроведување на Рамковниот договор, секретаријат по урнекот на Секретаријатот на евроинтеграции што ќе овозможи пооперативна работа на Владата за прашањата кои се однесуваат за Рамковниот договор

За нас воопшто не е спорно, сакаме да го подржиме, меѓутоа начинот на кој ги изготвувате законските решенија, ќе се изразам најдиректно, со подметнување буквално на одредени решенија кои немаат врска со основното решение кое треба и сакаме да го подржиме, не врзувате да ја преиспитаме нашата подршка односно нашиот став.

Затоа нашиот предлог е на делот од законот кој се однесува на статусот на портпаролот на Владата односно Секторот за информирање да го раздвоите односно тргнете од овој Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за Владата и тоа да го направите во некоја посебна точка за да можеме реално да го искажеме нашиот став и со дискусии и со гласање во Собранието. Вака е многу подло од страна на Владата, задскривајќи се зад одредени суштински прашања на кои сакаме да дадеме подршка, како што е формирањето на секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор ни подметнувате паралелно други решенија кои немаат врска, кои не се суштински и кои не се од интерес и на Владата, но и на Република Македонија и кои опозицијата не може да ги прифати, да ги подржи. Решенија кои се однесуваат на статусот на секторот за информирање на Владата и статусот на самиот портпарол на Владата.

Затоа нашиот официјален предлог до вас, ќе се изјасните вие како претставник на Владата официјално е оваа работа да ја раздвоите, денеска да разговараме и да гласаме само за делот од законот кој се однесува за формирање на секретаријат за спроведување на Рамковниот договор за кој ја имате нашата подршка во Собранието.

Во спротивно навистина, најблагоречено е нефер, а поостро кажано, реков и ќе повторам со цела одговорност подло да подметнувате вакви решенија кои се однесуваат на зголемувањето на ингеренциите на статусот и на надлежностите на зајакнувањето на портпаролот на Владата.

Имено, вие оваа тактика ја спроведувате и во други законски решенија каде што не раздвојувате битно од небитно, каде што саката она партиското да го придодадете на она што претставува општ интерес на државата, за кое треба сериозно да се коментира и да си ги влечете вашите партиски потези на таков начин доведувајќи не како опозиција, како Парламент во непријатна ситуација, обврзана ситуација во која треба да одлучуваме заеднички за работи кои не се споредливи една со друга.

При тоа, овој закон го предлагате во скратена постапка, во една фаза, предлог за донесување на измени со предлог на закон. Барем можете, ако не прифаќате да се раздвојат овие две работи тогаш да оди во две фази за да имаме време да ги изложиме нашите аргуменит, евентуално да ве разубедиме дека за некои работи не сте во право. Не сте во право затоа што саката институцијата, говорам реално, не со иронија, институцијата портпарол да и придодадете додатно значење. На некој начин самиот портпарол на Владата што ќе го именува и разрешува Владата на своја седница да добие статус на државен функционер.

Овде се поставуваат повеќе отворени прашања.

Која е позадината на таквата одлука на Владата на таквиот предлог во иднина портпаролот на Владата, ако сакате токму овој портпарол да има статус на државен функционер. Дали тоа е еден вид на награда од страна на оваа Влада и Никола Груевски за да одлично завршените наместо

владини задолженија преку функцијата портпарол партиски спроведување на директно партиска политика од страна на портпаролот на Владата. Дали ова е реванш за одлично сработената работа на портпаролот на Владата за одбрана на ВМРО-ДПМНЕ преку злоупотреба на институцијата портпарол која е владина институција за одбрана од нападите на опозицијата. Дали е тоа награда за случаите кога бранејќи ја ВМРО-ДПМНЕ од СДСМ не на партиски прес конференции, туку директно злоупотребуваајќи ја Владата како Влада, како што велите самите вие на сите граѓани на Република Македонија, кога тоа ви одговара и задскривајќи се зад граѓаните на Република Македонија, кога тоа ви одговара, говорејќи Фројдовски понекогаш, кажувајќи некои народни поговорки од северни соседи, говорејќи за ланскиот снег, употребувајќи погрдни зборови со омраза за опозицијата, задскривајќи се зад граѓаните нарекувајќи ја индиректно опозицијата инфатилна, малоумна итн, итн, наводно задскривајќи се зад граѓаните. Оваа владеачка гарнитура ја злоупотребува институцијата портпарол и самиот портпарол за партиски пресметки со опозицијата. Значи, дефинитивно во Република Македонија прв пат се да владина институција, владина служба, владин портпарол да станува буквално институција за пресметка со опозицијата, при тоа говорејќи само погрдните работи на примитивно ниско ниво, нервозно, без да се имаат аргументи за одговор на нападите на опозцијата. А, при тоа, кога станува збор за прикажување на убавите работи, според вас успесите на Владата, што е ќе се согласите една од основните функции на портпаролот, во такви ситуации таа е обврска да ја превзема лично премиерот како портпарол самиот, излегувајќи пред јавноста со целата свита.

Значи, тоа е уште еден доказ дека кога на премиерот му одговара самиот си изигрува портпарол, а владиниот портпарол, неговата функција ја претвора во инструмент и оружје за пресметка со опозицијата, злоупотребувајќи ја Владата која патем речено, вие кога ви одговара ја нарекувате Влада на сите граѓани. Ако е Влада на сите граѓани тогаш ќе мора премиерот и Владата како предлагач на овие измени на законот да поработи малце со портпаролот и да донесе, прво еден кодекс за однесување, за обврски и задолженија на портпаролот, а потоа да го унапредува и да предлага закони да го подигне неговиот статус во државен функционер.

И на крајот уште нешто. Имено, секогаш кога ќе велите дека потпаролот или Владата настапува, во името на сите граѓани на Република Македонија, значи одговорноста не ви припаѓа само за оние гласачи кои ве подржале на изборите. Велите дека ова е Влада на Република Македонија. Ако е Влада на Република Македонија, тогаш треба да биде Влада и на СДСМ и на целата опозиција и на оние кои не се партиски определени и на оние граѓани кои не гласале на изборите. Тоа е правото. Значи, прво треба да поработите на овие прашања за, навистина, сите граѓани и сите политички партии, барем за одредени прашања кои се од интерес на Република Македонија, да ја почивствуваат Владата и потпаролот како свој претставник, на некој начин како свој заштитник за одредени интереси и прашања, а не на примитивен начин да се пресметува со опозицијата, злоупотребувајки ја Владата како институција. Значи во иднина кога потпаролот или кога Владата ќе се повикува во името на сите граѓани, за некоја работа која на ВМРО-ДПМНЕ и одговара, ве молам да ги пренесете нашите пораки, да го иземе Борис Кондарко, да ги изземе пратениците на СДСМ, на опозицијата, затоа што ние не можеме да подржиме вакво решение во законот кога се злоупотребува дирекно Владата на највисоко ниво, во јавноста, за прашања за кои за жал, фатена во недостаток на аргументи, освен омраза, провокации, примитивизам и навреди, потпаролот на Владата не може да понуди ништо друго и ништо добро за имиџот на Владата и за имиџот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеник Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Кондарко најпрвин ќе ве цитирам.

Велите дека премиерот излегува како потпарол, потпаролот го употребува за оружје против опозицијата. Владата треба да поработи и да донесе прво кодекс на однесување, а потоа да го прогласи за функционер.На примитивен начин се однесува потпаролот.

Сега ќе ве прашам, со овие вакви изрази и зборови и вашиот настап, дали вие го имате вашиот пример, таков кодекс на однесување како вие што се однесувате овде во Парламентот, па да го препорачате на потпаролот на Владата. Како можете да се служите со такви настапи кога вашиот кодекс на однесување го гледа цела јавност, гледа како се однесувате вие тука и со какви изрази се служите, па понатаму да кажувате на други како да се однесуваат.

Друго, единствено и цело време ви повторувам во моите реплики. Вашата цел е да ја кочите работата на Владата, да не оди Владата напред. Целта ви е тоа да го задржувате времето. Ништо друго не кажавте во вашата дискусија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Тоа е ваша реторика која службите на потпаролот и партиските служби ви ги сервираат за овде вие како подготвени фрази ги повторувате. Ако мислите дека не треба од мене, прво јас ги бранам позициите на мојата

партија, сите ние понекогаш и можеме да погрешиме, сето тоа е во ред и можеме да ги прифатиме забелешките. Но, ако мислите дека јас не сум добар пример, не треба и од мене да го земе примерот почитувана колешке, нега го земем од вас, затоа што вие мислите дека сте овде многу подобра од сите нас од опозицијата и секогаш ни делите лекции за добор однесување. Затоа ви препуштам вие да го изработите тој кодекс и да му го предложите на потпаролот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Елмазе Селмани, повелете.

**Елмазе Селмани:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници.

Дозволете, пред да преминам на дискусијата за дополнување на Законот за Владата, да кажам прво неколку зборови околу успешното функционирање на Секторот за спроведување на Рамковниот договор, пред се, за историјатот на овој договор.

Охридскиот рамковен договор беше потпишан на 13 август 2001 година и со тоа се даде крај на внатрешниот конфликт во Република Македонија. Целта на договорот беше промоција на едно мирно општество, хармонично општество, како и развој на граѓанско општество, почитувајки го етничкиот идентитет и интересите на сите граѓани во Република Македонија. Врз основ ана овој договор произлегоа значителен број на уставни измени и законски реформи кои Владата на Република Македонија е обврзана да ги спроведе. Овие уставни измени и законски реформи опфаќаат неколку облсти,како областа на децентрализацијата, областа на правичната исоодветна застапеност на етничките заедници во државната администрација, создавање на посебни механизми, парламентарни механизми за заштита на немнозинските етнички заедници во Република Македонија, измените во областа на образованието, во областа на употребата на јазикот, областа на употребата на симболите, како израз на етничкиот и културолошки идентитет на немнозинстите етнички заедници во Република Македонија.

За успешната реализација на Охридскиот договор, со Одлука на Владата на Република Македонија, во април 2004 година се основа Секторот за спроведување на Охридскиот договор, кој Сектор политички е поврзан со заменик премиерот за спроведување на Охридскиот договор. Од организациски аспект, Секторот е поврзан со Генералниот секретаријат како служба, професионална служба на Владата на Република Македонија.

Секторот за спроведување на Охридскиот рамковен договор дава поддршка на Владата за реализација на стратешките приоритети поврзани сообврските кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор посебно за обезбедување на правична и соодветна застапеност на граѓаните кои припаѓаат на немнозинските етнички заедници во Република Македонија.

Секторот за спроведување на Охридскиот рамковен договор се состои од 5 одделенија, одделението за подобрување на правичната и соодветна застапеност, одделение за координации и соработка, одделение за мониторинг на децентрализацијата, одделение за човечки ресурси и финансиски средства и одделение за односи со јавноста.

Владата на Република Македонија во целост ги спроведува одредбите од Охридскиот рамковен договор, како бенефит, или како бенефиција за сите граѓани на Република Македонија.

Во јануари 2007 година, Владата усвои Стратегија за правична и соодветна застапеност на припадниците на немнозинските етнички заедници во Република Македонија, со што беа дефинирани и конкретните активности за најбрзо и ефикасно исполнување и спроведување на проектите.

Во почетокот на месец јуни се усвои Акциониот план кој произлезе од Стратегијата за правична и соодветна застапеност. Усвојувањето на оваа Стратегија во рамките на динамиката на Акциониот план ќе го забрза и процесот на спроведување на Охридскиот рамковен договор и како таква ќе биде дел од реформскиот програм за интеграција на Република Македонија во евроатланските структури.

Еден од основните приоритети на оваа Стратегија е спроведување на начелата на правична и соодветна застапеност без зголемување на општиот број на вработени во државната администрација. Ова кореспондира со актуелните активности на Владата во односна реструктуирање и реорганизација на јавната администрација. Овие мерки водат кон подобрување на една правична и соодветна застапеност во сите органи на државната власт, на јавната служба, на јавните претпријатија, како и единиците на локалната самоуправа.

Со потполна посветеност кон спроведување на Охридскиот рамковен договор и имплементација на програмата за соодветна и правична застапеност, Владата на Република Македонија донесе Одлука за трансформација на овој сектор во Секретарјат за спроведување на Охридскиот рамковен договор како највисока форма на организација.

Преминот на секторот во Секретарјат ќе даде можност и повисоки надлежности во управувањето и забрзувањето на успешното реализирање на правичната и соодветна застапеност, како и начелата на Охридскиот рамковен договор како дел од Уставот на Република Македонија.

Со Секретарјатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор Ќе раководи заменик премиерот кој е ангажиран за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Новиот

Секретарјат ќе биде на ист ранг како и Секретарјатот за европски прашања. Тој ќе ги врши работите кои се во односн аусогласување и коордианција на работите на органите на државната власт за спроведување на Охридскиот рамковен договор, ќе обезбеди и ќе координира помош на Владата за реализација на стратешкиот приоритет во однос на обврските кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор, посебно обезбедување на правична и соодветна застапеност во државната администрација, на сите немнозински етнички заедници во Република Македонија, обезбедува и координира подготовка на методологија при донесување на акциони планови и обезбедува кохерентен пристап за зголемување на ефикасноста во процесот на имплементација на Охридскиот рамковен договор, врши работи околу обезбедување и реализација на потребните финансиски средства во рамките на Буџетот на Република Македонија, како и донатори, врши комуницирање со јавноста и со таргет групи преку медиумите и се грижи за ажурирање на веп сајтот.

Поаѓајки од сите овие работи што ги кажав и имајки предвид дека реализацијата на Охридскиот рамковен договор, посебно основниот столб на договорот, значи првичната и соодветна застапеност во државната администрација со овој секретарјат тоа ќе стане поефикасно и затоа ве молам сите да ги подржите овие дополнувања на законот за Владата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

Збор има пратеник Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници, почитуван претседателе, дозволете ми да го изнесам своето мислење по однос на овој закон и, истовремено на почетокто да ја изразам својата разочараност што и покрај сугестиит еи префрлањата од страна на парламентарното мнозинство, денес гледам празна сала од мојата десна страна, онаму каде што би требало да има најголем дел на пратеници кои ќе ја подржуваат политиката на Владат аи проекциите на Владата. Ги нема дури ни оние пратеници кои до пред малку ни сугерираа дека не треба многу да зборуваме, туку дека треба само да гласаме. Чудна замисла за функцијата пратеник, меѓутоа секој има право на свое мислење, јас за тоа не можам да ги обвинам, меѓутоа можам да им обрнам внимание дкеа треба да бидат поприсутни и поредовни и на тој начин да ја изразат својата подршка на Владата и да не ја злоупотребуваат опозицијата како изговор за нивната неспособност.

Она што денес го разгледувамекако предлог од страна на Владата, формирање на Секретарјат за спроведување на Рамковниот договор, морам да признам дека позитивно ме изненади, позитивно заради тоа што како СДСМ уште на почетокотние реагиравме, уште на почетокот од формирањето на оваа Влада кога од страна на премиерот Груевски инеговите коалициони партнери беше искажано дека приоритет ќе се даде само на економските прашања, а политичките и меѓуетничките прашања ќе бидат пролонгирани две години по формирањето на оваа Влада. Ние сметавме дкеа таквиот однос е крајно несриозен, дека и економските и политичките и меѓуетничките прашања се приоритет во Република Македонија, особено ако произлегуваат од обврски кои Република Македонија ги преземала, уште повеќе ако произлегуваат од обврски кои ги потпишале 4 најголеми партии во Република Македонија, меѓу кои ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, да бидамискрена, не бев лично изненадена од ваквиот однос на премиерот заради тоа што ваквата непринципиелна политика на ВМРО-ДПМНЕ не се појавува за прв пат и се користи во неколку наврати во изминатиот период. ВМРО-ДПМНЕ гопотпиша Рамковниот договор, потоа се откажа од него, па потоа повторно го призна, па дојдоа на власт, па повторно се откажаа од него, сега, покрај сите сугестии кои беа искажани од меѓународната јавност, за повторно да се вратат на тоа дека Рамковниот договор е обврска што ВМРО-ДПМНЕ и неговите колаициони партнери треба да ја спроведуваат и со ваков потег да направи обид, да покаже дека Владата на Груевски ќе се грижи за реализација на овој Договор, на овие обврски кои Република Македонија ги презема. Истото се случи, да ве потсетам и со, за жал, сега починатиот Борис Трајковски, го промовираа како претседател, го избраа, па потоа се откажаа од него и т.н., за после да стане ѕвезда. Истото се случува со Љубе Бошковски, беше на праг на бркање од партијата, се откажаа од него, го аминуваа неговото заминување, а подоцна и сега се промовираа како негови најголеми спасители.

Јас не би била толку загрижена ако ваквото однесување е однесување на некоја мала маргинална партија која нема големо влијание во Република Македонија. Меѓутоа као ваквото однесување е однесување на најголемата партија на валст, тогаш имам за право да бидам загрижена. Ваквиот начин на однесување и мојата загриженост практично потврдена од страна на коментарите на сите меѓународни претставници, дефакто и од Извештајот на Европската комисија дека е опасно, една од најголемите политички партии да нема конзистентна политика во меѓуетничките односи и да ги користи меѓуетничките односи и релации, во зависност од моменталната потреба на премиерот Груевски. Тоа е опасна политика за Република Македонија.

Сакам да потсетам дека во претходниот мандат и покрај тоа што неамвме секретарјат, СДСМ и покрај тоа што ја презема валста веднаш после конфликот, се посвети на исполнување на обврските од Рамковниот договор и од самите измени кои произлегоа од него заради тоа што знаеше дека тоа е начинот, тоа е решението за Република Македонија и благодарение на обврските кои ги исполнивме од Рамковниот

договор, да ве потсетам, во најголем дел го добивме кандидатскиот статус за Европска унија. За жал, и покрај тоа што ВМРИ-ДПМНР и Груевски требаше само технички да продолжат во исполнување на одредени обврски по добивањето на кандидатскиот статус, за една година од владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, ние доживеавме дебакл на меѓународна сцена, ние доживеавме меѓународни претставници да ни сугерираат дека жалат што нема механизам за одземање на кандидатскиот статус, затоа што во спротивно ќе бевме прва земја на која овој статус и беше одземен, токму заради ваквото несериозно однесување на премиерот Груевски. Ние до сега не сме биле во полоша позиција на меѓународен план, во ситуација на стабилизирана економска ситуација, во ситуација на стабилизирани меѓуетнички односи. Ние практично ги фрливме во вода сите напори што Република Македонија успеа да ги направи во изминатиот период. Мислам дека ВМРО-ДПМНЕ треба да прифати дека достигнувањето на одредени политики, постигнувањата, позитивните поместувања во одредени политики, без разлика што се случени во претходна Влада од друга политичка партија, треба да ги прифати и да продолжи во истата насока заради тоа што реално дале позитивни решенија , а помалку да се занимава со маргинализирање на се она што е во претходниот период направено, обвинување кон опозицијата и да гради доверба и консензус за прашања кои што се од национален интерес за Република Македонија.

Затоа ќе го поддржиме оформувањето на секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор заради тоа што сметам дека со ова Груевски признава дека згреши на почетокот на мандатот и кажа дека приоритет на ова прашање ќе даде по две години од формирањето на неговата Влада, заради тоа што сметам дека ова е враќање по колосекот по кој што Република Македонија  треба да оди, а кој што го зацрта СДСМ во претходниот мандат и успеа да ги исполни речиси сите обврски од Рамковниот договор и Уставот на Република Македонија.

Затоа ќе дадам поддршка на овој дел од законот и покрај тоа што сакам да нагласам дека при предлагање на ваков гест од страна на Владата, на ваков предлог, подметнување на други решенија во законот од типот на промовирање на порт парол на Владата во функционер на Владата, што може да има многу интересни консеквенци по самата Влада, меѓутоа и по граѓаните на Република Македонија затоа што Владата може да има 10, 20 порт пароли може да смени во меѓувреме, ако тие имаат позиција на избран и именуван функционер секој од нив ќе има право на една година на апанажа. А, јас сум убедена дека граѓаните на Република Македонија нема да сакаат да плаќаат за несериозните кадровски решенија на оваа Влада.

Затоа сакам да препорачам, бидејќи ова не е прв пат, при вакви сериозни законски решенија кои што Владата ги предлага да не подметнува несериозни решенија во вакви закони и така да не става во недоумица, дали да го поддржиме целиот текст на законот или само да сугерираме на делот кој што е неиздржан, а да дадеме глобална поддршка на ваквиот предлог. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има реплики?

Повелете госпоѓо Кипаризовска, вашите три минути.

**Анита Кипаризовска:** Благодарам почитуван претседателе.

Би се согласила на почетокот со почитуваната колешка и добро е што и таа и пратеничката група на СДСМ, колку што разбрав, ја поздравуваат можноста од формирање на секретаријат заради унапредување на активностите поврзани со спроведувањето на Рамковниот договор. И, повторно би истакнала дека во ниту еден момент Владата на Република Македонија не се оттргнала од овој приоритет и уште со самото нејзино формирање како еден од клучните приоритети го има поставено токму ова прашање. Значи, покрај економскиот просперитет еден од клучните приоритети е спроведување и понатамошно спроведување на Рамковниот договор пред се, имајќи го во вид неговото значење особено во делот на соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.

Сметам дека е добро што се формира и јас се согласувам со колешката, меѓутоа јас сепак би напомнала дека не треба да ги дочекуваат сите решенија на нож, било да станува збор за владини порт пароли или некои други вакви решенија, само и само да се дискредитира одредена личност која што во одреден момент се наоѓа на некоја позиција.

Јас сметам спротивно од колешката дека е добро што Владата со Предлог законот за донесување и дополнување на Законот за Влада на Република Македонија, е добро, да постои и функционер - владин порт парол, кој што јавно и транспарентно ќе ги искажува сите ставови на Владата, сето тоа, се разбира, во интерес на граѓаните, на сите граѓани на Република Македонија, а не само како што сакаат да наметнат на претставниците на ВМРО-ДПМНЕ и нивните гласачи. Значи станува збор за Влада на Република Македонија и порт парол кој што ги известува сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика, вашата минута госпоѓо Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Мене ми е жал што сте ги заборавиле говорите на претседателот на вашата

партија и премиерот Груевски дека со меѓуетничките и политичките прашања ќе се занимава во последните две години од мандатот и ќе ви го кажам првиот момент кога почна Груевски да ја реализира оваа своја заложба, а тоа е моментот кога вие преку ноќ станавте Влаинка и станавте член на Комитетот за односи меѓу заедниците и со тоа покажавте ...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам ...

**Славица Грковска:** дека немате никаков сериозен однос...

**Љубиша Георгиевски:** Внимавајте, внимавајте со етничката припадност .

**Славица Грковска:** за меѓуетничките прашања во Република Македонија и, цела политика која што Груевски во изминатиов период ја влече, а се однесува на меѓуетничките односи во Република Македонија покажува една крајна несериозност благодарение на која се наоѓаме во денешнава ситуација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Александар Николовски, процедурално има интервенција, повелете три минути.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Интервенцијата е до колешката. Ние овде како пратеници треба да се почитуваме и за жал јасна е тенденцијата која што постојано ја правите за создавање на апсолутно нарушени меѓучовечки односи помеѓу пратениците.

Барам да се извините за она што го кажавте спрема колешката заради тоа што секој како и јас како и вие има уставно загарантирано право да се чувствува онака како што се чувствува. Ако сакате да создавате омраза, ако сакате да се карате тука, повелете, но ова не е начинот. Се искаравте со Турците, се искаравте со Ромите, со Бошњаците, со Србите, саката и со Власите. Повелете, но не преку грбот на ВМРО-ДПМНЕ и уште помалку не со навреди на колешки кои што седат тука.

Барам јавно да се извините, барам претседателот да ве опомене, во спротивно пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе размисли како ќе се однесува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално ли сакате госпоѓо да говорите, имајте во вид да не се продолжува полемиката преку процедурални забелешки, повелете. Полемиката е убава кога се прави преку реплики.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, јас немам друг избор освен да реагирам процедурално затоа што бев прозвана и покрај тоа што, се разбира, ќе беше подобро ако колегата реплицираше на мојот говор.

Јас не кажав ништо  друго освен факти. Фактот дека нашата колешка преку ноќ се изјасни како Влаинка ги продуцираше проблемите на Комитетот за односи меѓу заедниците.

**Љубиша Георгиевски:** Ја продолжувате работата, ве молам, држете се до процедурата.

**Славица Грковска:** Не чувствувам потреба да се извинам заради нешто што дефакто се случило. Јас не ја навредив колешката, туку напротив го кажав тоа што дефакто се случи и тоа беше генератор на проблемите во односите и помеѓу политичките партии и во односите помеѓу етничките заедници во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, предлагам со оваа изјава дека не ја навредила, да ја земеме како бенигна изјава и да прекинеме со оваа дискусија, да одиме повеќе во материјална дискусија.

Му давам збор на господин Владо Бучковски. Повелете.

**Владо Бучковски:** Колеги пратеници, дами и господа,

Пред нас е еден предлог за донесување закон кој ја отсликува реалноста во Република Македонија, а тоа е дека владее една гарнитура која зад секој законски проект не ги има интересите на Република Македонија туку има пред се, некои прагматични интереси и секогаш сме соочени со експериментирање. Значи, добро ги научивме во изминативе 14 месеци и јасно му е на секој просечен набљудувач на македонската политичка сцена дека зад овој законски проект се кријат најмалку две причини:

Прво, да се фрли прав во очите на македонската јавност, пред се на граѓаните од албанската етничка заедница, дека оваа Влада многу се грижи за правата на Албанците, тоа е нон сенс. Се гледа дека Владата правеше многу експерименти, имаше еден потпретседател на Влада кој беше и министер за здравство кој требаше во првите девет месеци да се грижи за соодветна и правична застапеност, за имплементација на Рамковниот договор, па кога видоа дека тој експеримент не функционира затоа што ќе пропадне еден многу битен сектор од нашето општествено живеење, тоа е здравството, го направија овој карамбол, за да доведат сега ситуација да промовираме и надлежности на еден од потпретседателите на Владата, тоа е Алиу кој треба да покаже дека за разлика од ДУИ и СДСМ кој претходно не се грижеле доволно сега ќе има секретаријат, па ќе има пет одделенија, тоа многу пластично го објасни колешката од ДПА, пред мене, подобро и од министерот за правда што всушност откри дека причината за измените и дополнувањата, првично, биле желбите на ДПА, значи ДПА сака да покаже дека многу се грижи за граѓаните на Република Македонија од албанската етничка заедница и дека еве сега ќе прави секретаријат, па Алиу, ќе има условно речено, тежина како што има Габриела Коневска и ќе се покаже дека приоритет на оваа Влада не се евроатланските интеграции туку и правата на етничките заедници, потоа ќе видиме на другата точка, на помалите етнички заедници, овде на

албанската етничка заедница. Веќе прочитана приказна која не поминува.

Се гледа дека причините се прозирни, дека зад скривањето зад толку образложенија беше непотребно. Генерално Република Македонија има проблем со владеењето на оваа конзервативна Влада која не сфаќа дека не треба да носиме дополнителна организациона поставеност на Владата, туку треба да се реализира Охридскиот рамковен договор. Не е битно колку нови партиски кадри на ДПА ќе влезат врз основа на соодветна и правична застапеност, битно е дали ќе се реализира мајскиот договор. Од тоа зависи позитивниот и негативниот извештај на Република Македонија кој го очекуваме во ноември.

Бидејќи вие тоа не го научивте, сметате дека постојано може да ја замајувате македонската јавност и да тврдите еве ние што правиме за албанската етничка заедница, дури и секторот за имплементација на Рамковниот договор го направивме секретаријат. Сето тоа непотребно. Тоа апсолутно е непотребно. Тоа е апсолутно фрлање прав во очи на македонската јавност. Никој од вас не бара во ниту еден од приоритетите што ги имаме за приближување на Република Македонија кон Европската унија не пишува дека секторот треба да стане секретаријат. Апсолутно правите карамбол кој е мотивиран само од желбата дека се што може да ви испорача ДПА како сметка вие сте спремни да го исполните, а не сте подготвени да го исполните тоа што е клуч за политичка стабилизација на Република Македонија.

Да видиме реално каде е духот на Рамковниот договор. Вие ни давате прво на лажиче шарени бомбони со кои треба лажно да претставите дека сте борци за исполнување на Рамковниот договор, а во следната точка ќе видиме, следната точка е Изборниот законик, како го кршите всушност духот на Рамковниот договор на она што почива во Република Македонија и повторно потегнувате по мајоризација.

Тоа е опасна варијанта која ја тера оваа конзервативна Влада во Република Македонија. Затоа зачудува леснотијата со која мислите дека ова треба да помине како една незабележана точка и замислете пред Изборниот законик каде што дефакто вие сте свесни дека за да може да парирате од една страна на тенденцијата некој да тврди дека Охридскиот рамковен договор поставува бинационална Македонија, вие со Изборниот законик сакате да покажете дека сте загрижени за мултинационална Македонија, или мултиетничка, а всушност сте загрижени само да владеете без притисок на ДПА кој е евидентен зошто ДПА ја доведовте во позиција да единствената веројатно, политичка партија во историјата на независна Македонија која има маргинализирана улога на главните политички движења во Република Македонија, па затоа и стигаат некои коментари дека досега незабележано една партија на власт да има договор да има договор со партија од опозицијата што дефакто значи делегитимирање на ДПА. И, со тоа сте соочени и затоа сега го правите овој маневар што реално е голема глупост.

Нема потреба од секретаријат, нема потреба од нови пет функционери раководители на одделенија, нема потреба од една гломазна бирократска машинерија. Јасно е дека сме во завршната фаза од имплементацијата на Рамковниот договор. Соодветната и правичната застапеност е само техника, вие треба овде да давате отчГи молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на закон со кревање на рака. на почетокот на годината планираме со Буџетот толку и толку средства, толку и толку ќе имаме вработено Албанци, Турци, Власи, Роми, Срби и завршена работа. За крупните политички цели не ви треба дефокусирање на вниманието на јавноста.

Ајде овде да ја отвориме темата од што бегавте како тема, до каде е имплементацијата на Договорот што го постигна ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Тоа е имплементација на Рамковниот договор. Имаме ли решение за проблемот кои закони ќе се носат со Бадинтер, имаме ли решенија за тоа што имавме упад во Комитетот за односи меѓу заедниците, имаме ли решенија за употребата на јазикот, имаме ли решенија за статусот на поранешните припадници на ОНА. Тие се прашања кои дирекно произлегуваат од Рамковниот договор. Тие не може да ги реши потпретседателот на Владата кој сега по тежина ќе биде како Габриела Коневска. Тоа не може да го реши тој, тоа треба да го реши премиерот, тоа треба да го реши Парламентот.

Затоа не можам да го сфатам зошто и ова решение, освен, ако според мене, одговорот не лежи во следниов факт. Значи, ова решение што сметавте дека може да помине за три минути во Парламентот, требаше да ја затскрие вистинската причина. Погледнете кога сте го поднесле овој Предлог закон, на 31 јули. Значи, ова е само параванот, значи вие сте заштитници на имплементацијата на Рамковниот договор и треба да има наместо сектор секретаријат, а всушност сакате да ги зајакнете позициите на порт паролот на Владата, да имаме уште еден избран функционер и му ја давате таа можност на 31 јули пред да замине Владата на одмор и тој во сиот тој жар што ќе стане иден владин функционер, во една егзалтација во која се најде имаше шоу десет дена од кои сеуште Република Македонија ги трпи последиците. Значи, несудениот владин функционер порт паролот на Владата десет дена се однесуваше како премиер на Владата, бидејќи цело време говореше ние, ние, ние, а знаеме дека премиерот е на одмор во Грција, не може да говори ниту во негово име, ниту на Владата затоа што вие не се состанувавте десет дена.

И, сега во една таква ситуација ние овде треба прво да расчистиме дали е мотивот подобрата положба на секторот во самата Влада, подобрата организација, која јас тврдам не може да ја постигнете со ова или е целта да го промовираме нашиот поранешен истакнат член Ивица Боцевски да биде функционер на Владата. Тоа може да го направите. Нема потреба да му давате статус на владин функционер, освен ако не сакате да го направите тоа што сега се случува, така наречена деконцентрација на моќта, значи концентрацијата на моќта во Владата треба да ја носи функцијата. Вие во овој момент и со ова решение ја изместувате моќта во Владата и не се сега најмоќни министрите, туку според поставеноста во Владата сега ќе биде веројатно во хиерархијата на првите пет луѓе Ивица Боцевски, верувам дека и примањата ќе му бидат како вашите министри, затоа што веќе еден таков исклучок е направен.

Не забележан од јавноста помина фактот дека во овој момент шефот на Кабинетот на претседателот има ранг на министер според платата. Сега ќе имате уште еден таков член на Владата. Значи, Ивица Боцевски во ранг ќе биде исто како вас, по моќ уште поголем, затоа што гледам тој веројатно ве зивка на телефон, дојдете за 15 минути треба да правиме семејно фото, семејно фото сите да се сликате таму, да ви каже кој каде да застане или ве трга за рака да дава информации наместо да ги дадете вие. Па, да излезе последниот пат со една небулозна изјава, сега ви говорам вас како колега, значи тој сега треба да објасни на јавноста, ми се чини го улови само Телма телевизија, зошто, да речеме, госпоѓата Гавриловска ја менувате и доаѓа господинот Михајловски. Не знам господине министре дали ја слушнавте неговата изјава што би требало вие да ја дадете, затоа што вие сте во хиерархијата надредениот.

Младиот колега почнува да филозофира на тема зошто треба да си замине Гавриловска и треба да дојде Михајловски и отприлика вели вака: заради неговото искуство, говори нашиот поранешен пратеник Михајловски од Социјал демократскиот сојуз, кој е сега член на Новата социјал демократска партија, вели заради неговото пенолошко искуство, значи се обидува, прво, да не инпресионира дека порт паролот знае што е и пенологија, а јас гарантирам дека не знае. Потоа, вели заради искуството што го има, бил истакнат публицист Михајловски, тој пособдветно ќе одговори на позицијата затоа што треба од социолошки и филозофски аспект да се подобри состојбата на затворениците, отприлика.

Значи јас за теми за кои не што говореше Кондарко, за кои може да говориме што се од онаа страна на границата на добриот вкус. И, значи вие на тоа момче што му ветивте уште на 31 дека ќе биде член на Владата, вие го промовирате во член на Владата, само не знам зошто не промовирате ќе има ли тој или следната фаза е. Ќе има ли тој канцеларија, затоа што не може да биде само порт парол, што ќе правиме со замeникот, ќе има ли заменик, ќе има ли канцеларија, колку луѓе ќе бидат во канцеларијата. Не може да нема финансиски реперкусии за Буџетот, кога знаеме дека ќе има функционерска плата, не само за апанажа за која говореше Грковска, туку промовираме еден функционер.

Ако веќе е тој вашиот предлог, зошто тогаш немавме директна измена да го ставиме тој да биде член на Владата, да го бираме ние овде, штом сакаме да ја зајакнеме неговата улога. Дефакто, со начинот на кој вие сега се обидувате да промовирате уште еден именуван функционер, значи не е избран, вие се плашите дека изборот на такви како него ќе предизвикаат овде контраверзии. Мислам дека е најдобро, имајќи предвид каква агенда имаме и што е во овој момент приоритет за Република Македонија, овој законски проект да се повлече. Некој од колегите говореше од опозицијата дека како прво сметаме дека, се гледа и од образложението, правен е прво овој законски проект само да се промовира Секретаријатот наместо сектор, во последен момент е уфрлен и портпаролот, затоа што пораснале амбициите на сегашниот портпарол, затоа што моќта опијанува. Тоа беше многу талентирано момче додека беше во СДСМ. Го тестиравме на една прес конференција за онаа фамозна децентрализација која беше, скина зелена и го тргнавме. Потоа, беше одличен шеф на кабинетот на потпретседателот на Владата Минчо Јорданов и беше одличен публицист, но е слаб портпарол. Треба ние од опозицијата да го пуштиме се повеќе да говори, но вие наместо да сфатите дека е слаб портпарол и дека нанесува штета на Република Македонија, не само на Владата. Вие сега го наградувате и влегувате во варијанта тој да биде функционер. Нема потреба. Ако сте сигурни дека тој може да помине овде во Парламентот, зошто не го измениме делот каде што имавме исто така министри без ресор, па ајде да го направиме и него минситер без ресор, бидејќи знаеме дека е одговорен за информирање на јавноста. Зошто не одите уште повеќе со дефакто почистата ситуација. Кога знаеме дека веројатно планирате да има плата како што имаат министрите плата од некаде 50 до 55 илјади денари и за тоа ние ќе побараме на следните пратенички прашања која е платата, да речеме, на министерот за правда и шефот на кабинетот на претседателот на Владата и портпаролот на Владата. Ќе видите дека е исто што изместување, декомпонирање на нашиот политички систем. Се знае моќта, позицијата ја влече врз основа на функцијата. Избраните функционери секој пат се во хиерархијата оние кои се одговорни. Овој со таква леснотија да даде неколку изјави и наместо да го повлечете заради тоа овој проект, да речеме неговата конфронтација околу тоа кој ја гранатираше Владата. МВР надлежната институција се

воздржа од коменар, излезе тој, се расправа со сите, алудира на опозиција не знам дали на СДСМ, дали на ДУИ, дали на ЛДП, се заканува, ја разбравме пораката, ова е терористички атак. И, од тогаш, штама. Дури и запре и внатрешната контрола околу истражувањето на шпекулациите дали е можно некој од паркингот пред веќе популарната кафеана Жабарот да гаѓал, не за да ја погоди Владата, туку за да создаде атмосфера, која беше на граница на гротеска. Значи, од една страна излегоа колегите од ЛДП ве повикуваа, гледате ли што прават другите во слични ситуации, се прекинува годишниот одмор, доаѓа премиерот да ја смири, успокои јавноста, вие го пуштате овој сега веќе несудениот ваш нов владин функционер, да ја вознемирува македонската јавност. И, наместо казна, вие продолжувате со тенденцијата него да го унапредите. Реално не можам да ве сфатам, освен ако не е вашата желба со секој ваш проект кој нема условно речено предзнак на европски закон, да ја провоцирате опозицијата. Како сметате дека ова може да помине за три минути и да нема реакција од опозицијата. Верувам дека ако ништо друго, сеќавајќи се на онаа моја дискусија како функционира сега Владата, иако знам дека тоа не допира до колегите во средина од владеачкото мнозинство, повторно ќе се соочите со реалноста, колеги од ВМРО-ДПМНЕ дека повторно се подготвува терен, не за еднопартиско решение, туку е решение кое нешто има “одработено” за фамилијата. Продолжува процесот на фамилијаризација и со вакви законски решенија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Министерот за правда се јави за реплика.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Мене ме чуди дискусијата на пратеникот Бучковски, законот не е решение за именување на портпарол, законот предвидува дека Владата има портпарол кој што ќе ги изнесува мислењата и ставовите на Владата и тој ќе има статус на именувано лице. Не знам зошто во овој случај, пред се, го имаат предвид прашањето за сегашниот портпарол на Владата. Во законот никаде не пишува дека Ивица Боцевски ќе биде, како што тие го спомнуваа портпарол на Владата, туку законот важи односно тој се носи за да важи за сите. Законот не се однесува на една личност. А, што се однесува пак до личноста, можам слободно да ви кажам тој можеби помалку внимава на вратоврските и костимите кога се јавува на прес конференции, за разлика од некои поранешни портпароли, според моето мислење тој си ја врши функцијата совесно, одговорно, професионално и многу стручно. Затоа, мислам дека сето она за што се говореше за прав во очи, веројатно во однос на другите прашања за кои говореше пратеникот Бучковски, очигледно засенет од таа прав кои ја фрлаа со години и на самите себеси, но и на граѓаните на Република Македонија и токму поради тоа постојано му е тоа правта која го заслепува да изнесува работи, конзервативна Влада или Влада која не води сметка за елементите и тн. што е апсолутно лишен од било каква вистинитост. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Владо Бучковски. Реплика на исказот на министерот за правда. Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Министре Маневски, нема потреба толку да се возбудувате. Јас го читам членот 1. Редовното информирање на јавноста за работата на Владата го врши портпаролот на Владата. И, тоа да не го пишуваше до сега, тоа го знаевме, но завршувате, кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија. Значи, е именуван функционер на Владата. Именуван функционер на Владата значи дека има коефициент и значи дека има други принадлежности по завршувањето на функцијата. Вие тврдите дека нема да биде Ивица Боцевски портпарол на Владата, а јас гарантирам дека тој ќе биде. Можеме и да се опкладиме, па ако не сум во право тогаш должам јавно извинување до вас и до сите оние кои сметаат дека еве јас фрлам прав во очи. Но, штп ќе направите вие ако за една недела биде избран Ивица Боцевски, независно дали има добра вратоворска како Чолаковски. Ние овде не спомнувавме вработврски, Спомнуваме кој што говори и дали ги пренесува ставовите на Владата. Дали беше став на Владата дека имаште терористички напад? Ете, ве прашувм вас, затоа што вели, ги пренесува на јавноста донесените заклучоци. Владата немаше седница, бевте на одмор, не слушнавме кој донесе таков заклучок, кој ќе ја сноси одговорноста. Зошто овде нема за одговорност или Владата се подразбира дека сите именувани функционери, зашто вели ги разрешува, може тоа да го направи. Зошто се уште именуваниот владин функционер не го разрешивте после таа изјава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавија прво Есад Рахиќ, Влатко Ѓорчев, Адеми Џевад.

Есад Рахиќ има три минути реплика.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе.

Очигледно е дека една студиозна расправа околу краватата и учеството на краватата во политичкиот систем на Република Македонија, ќе дозволите јас без кравата да го прашам господсдинот Бучковски лично дали во делот на она што го иснесе се гордее со такво кадровско решение на еден поранешен генерален секретар на СДСМ и самиот рече дека дотичниот господин, за кој што претпоставувам дека ќе биде иднот портпарол бил во кабинетот на еден од потпретседателите и во кабинетот на шефицата на евроинтеграции од претходната Влада и тоа не е спорно. Мене ме интересира, до колку може министерот да ни објасни зошто е неопходно, до

сега портпаро0лот ги даваше во јавноста сите пресови, сите изјави за Владата, штитејќи ги интересите и запознавајќи ја јавноста, зошто мора да биде токму утре министер порпарот. Како што тргнало, можеби шеговито на некого ќе му изгледа несериозно и само ќе заврши со министер главен кафеготвач. Треба дефинитивно во делот на рационализација на администрацијата и слично, ние да размислуваме за намалување на овие именувани функции и сл. затоа што во делот на нашето приближување во Европа, ние зборувавме и мислиме дека ќе дојде до намалување на администрацијата, а не од 60 или 70 илјади административци, сега оваа Влада да ги качи на 110. Во делот од она што го имав како прашање, господинот Бучковски ми одговори, така што би се обратил до министерот што е толку битно тоа лице да биде именувано, зошто смета дека ова лице кое што сега ја обавува функцијата на портпарол, не може да ја врши квалитетно, туку мора да биде именуван и разрешуван од Владата. Сега, кој го именуваше, лично премиерот, некој од надвор, од улица или кој? Дефинитивно некои работи тука не ни се јасни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Вие чинам се јавивте за реплика на излагањето на господинот Бучковски, а не на министерот. Тоа е малку завртено. Добро, немам ништо против.

Еве сега господин Бучковски Владо има контра реплика на вашата реплика.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Пратеникот Рахиќ сака да се врати на времето кога и тој знае дека Ивица Боцевски работеше во кабинетот на поранешниот генерал секретар, кој е негова голема љубов Ѓорѓи Спасов и да праша каков беше како негов советник. Веројатно, беше добар советник, бидејќи во тоа време СДСМ успеа во 2002 година да ја победи тогашната владеачка коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Каков беше како портпарол јас ви реков, се обидовме да го промовираме како портпарол кога имаше условно речено “замор” на материјалот кај Борче Кондарко кој говореше за децентрализацијата, скина зелени, затоа што ја поистовети тогаш ВМРО-ДПМНЕ и тие кои собираа потписи, со режимот на Милошевиќ. И, го тргнавме, за да не долеваме бензин на огинот. И, тука заврши неговата приказна. А, како државен службеник, шеф на кабинетот на Минчо Јорданов беше многу добар.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Адеми, вие на чие излагање имате реплика, или на двете? Ако сакате можете и на двете, нема проблем. На чие е, за да знаеме дали е на двете. Претпоставувам и тоа е одлично, повелете. Јас морам да знам заради давање на контра реплика. Ве прашувам деловнички, морам да го знам тоа, за да можам да дадам контра реплика. Значи вие на двајцата ќе реплицирате.

**Џеват Адеми:** Како ова го прашувате, однапред треба да кажам на кого ќе реплицирам.

**Љубиша Георгиевски:** Не, дајте да се договориме.

**Џеват Адеми:** Министерот немаше говор. Министерот реплицираше на исказот од господинот Бучковски.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, значи вие ќе реплицирате на говорот на Бучковски. Повелете.

**Џеват Адеми:** Најнапред сакам да протестирам, бидејќи е пракса, недемократска пракса да се искажам однапред што ќе кажам во мојата реплика и кому ќе му реплицирам. Ќе ја искористам институцијата реплика за да побарам објаснување или поточно за да дадам дополнително објаснување. И господинот Бучковски и претставникот на Владата говорат во еднина, говорат за портпаролот на Владата. Колку што знам јас и колку што знае јавноста Владата на господинот Груевски има два портпароли, господинот Ибраими и господинот Боцевски. Или, меѓу време се случило некое изместување. Господинот Ибраими е разрешен, кој со многу врева се промовира како најголемото унапредување на статусот на Албанците во Македонија, дека еве се случи чудото и за прв пат Владата на Република Македонија има портпарол Албанец. Сега, за кој се подготвува ова место? За портпаролот во сенка, господинот Ибраими или за портпаролот господинот Боцевски, бидејќи мене не ми е јасно кој е портпарол на Владата на Никола Груевски. Да бидам непосреден, до колку господинот Бучковски има информција и би сакал да ја слушнам, до колку оваа идеја на Владата е за да го уредат господинот Боцевски, што ќе се случи со господинот Ибраими тогаш, бидејќи јас како Албанец не сум заинтересиран и Албанецот да биде во функцијата за прв пат во историјата на Владата на Република Македонија, да биде портпарол на оваа Влада. До колку министерот ќе го демантира господинот Бучковски дека местото не се обезбедува за Боцевски туку за Ибраими, би сакал да го слушнам тоа сега, бидејќи навистина се работи за еден парадокс. Официјално портпаролот на Владата Груевски е Ветон Ибраими, а реално портпарол излегува Ивица Боцевски. Можеби и овој статус е нејасен на господинот Ибраими, го одразув статусот на албанскиот партиципиент во оваа Влада. Ви благодарам со задоволство би ги слушнал аргументите, бидејќи сум љубопитен да знам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господин Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Почитуваниот господин Адеми вешто се обидува да добие од мене одговор, а однапред го знае одговорот. Значи, во овој момент Владата дефинитивно се решава да нема портпароли и да нема еден портпрол официјално, а тоа е Ветон Ибраими, а другиот портпарол во сенка, туку ќе има само еден портпарол. Јас сум подготвен да се опкладам со вас дека шансите на Ветон Ибраими се нула, затоа што тој шест месеци исто

така беше портпарол на хартија, затоа што господата од Галеријата може да ги раскажуваат анегдотите кои се случувле кога нешто го прашуваат. Значи, во овој момент да биде задоволена суетата на ДПА, тие имаат формално правно портпарол на Владата, а има, условно речено ние велиме ерор ин персона, заблуда на личноста, се појавува една друга персона, а не таа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Владимир Ѓорчев има реплика на искажувањето на господин Бучковски.

Вашите три минути господине господине Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Господине Бучковски, вие во континуитет се обидувате да внесете раздор помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Истото се обидувате да го направите и за ВМРО-ДПМНЕ внатре, но нема да успеете. Тоа ви успеа во СДСМ, ја поделивте партијата како никогаш до сега, успеавте една партија која што доби во 2002 година на 15 септември 494 илјади гласови, за да добиете 220 илјади гласови. И, за тоа навистина треба да ви се честита и требаше својски да се потрудите 300 илјади луѓе да останат дома. Ви благодариме за тоа, но во секој случај направивте трајна штета на Република Македонија, од продажби на ЕСМ, заклучно со многу други работи кои што ги видовме.

Кога зборувате за портпаролите во Македонија, јас ќе ве потсетам на еден текст во весникот "Форум", тука е Лазе Китановски, мислам дека ќе се сети, исто така и Илинка Митрева, мислам дека беше во 1999 година, се викаше Страв од летање од Ѓунер Исмаил, каде што Ѓунер Исмаил пишува дека (или во 1998 година не сум сигурен), каде што Ѓунер Исмаил вели дека Бранко Црвенковски има страв од летање, дека не сака да остварува средби со странски државници, дека е пасивен, нешто што можеме да го видиме пресликано и ден денес. Тоа е така, затоа што 90% од неговите средби се во радиус од 200 км. од нашата држава. Имавме ситуација каде што во 1994 и 1995 година човек кој што беше министер без портфељ ѓунер Исмаил, беше и министер во Владите на Црвенковски, но после тоа тој беше свесен за тоа што го правеа вашите влади и изнесуваше ставови како што изнесуваше и на кои што бевме сите свидетели. Значи, апсолутно имаме една ситуација каде што вашите портпароли од ѓоамити независни како Сашо Чолаковски, кои доаѓаа со свирчиња, тука сме, тепајте и тн. ги прешалтувате во зависни портпароли или таков беше случајот со Марјан Ѓуровски и половина портпароли на министерствата.

Господинот Бучковски исто така во реториката на господинот Боцевски не сте во право, се дематнтирате самиот себеси. Колку што се сеќаваме по реторика сте му дале оценка 10 и едноставно ова што го зборувате е во контрадикторност со тоа што сте го направиле како научен работник на Универзитетот.

На крајот на краиштата мислам дека се регулира она што се нарекува информативна политика на Владата и кога зборувате за Владата велиме дека има добар пијар. Портпаролот на Владата Боцевски е дел од таквиот пијар и мислам дека добро ја врши својата работа, дека е одговорен, професионален, едноставно фрлал од ракавици и тези на кои што вие тешко можете да парирате. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута за контра реплика на господинот Бучковски.

**Владо Бучковски:** Колега Ѓорчев, не беше идеата денеска да го избираме ние Ивица Боцевски, ќе ги именува Владата и вие сега на линија на понал отпор, знаете дека нема да бидете ниту вие кој сте позаслужен, ниту Шамбевски, ниту Николовски, туку велите ова е добро решение и правите паралела со Ѓунер Исмаил. Каква врска има Ѓунер Исмаил, што не го земете Ѓунер Исмаил за портпарол на Владата.

Не го конвентираш како што се обидуваш да ја пренасочиш воденицата, па даречеш овој имал страв...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да не се обраќате пратениците едни на други.

**Владо Бучковски:** Каков страв од Лета има Никола Груевски. Каков страв од Лета има Никола Груевски, ние не го бираме претседателот, претседателот го бираат граѓаните, ние овде го бираме, кој не може никаде да отиде и самиот си пишува порака да оди кај Тополавник, да видиме дека оди надвор од опкружувањето, што сега нас Брисел ни е како Белград во време на федерацијата. Во Брисел јас не ја сметам официјална посета.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Матоши повелете имате збор.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседателе.

Ние денес расправаме за закон кој е доста чуствителен и во овој политички амбиент во Македонија создава една реалност, реалност која ја чекавме 6 години, кога се потпиша Охридскиот рамковен договор. Значи, 6 години се расправаше за овој договор но никогаш не се превзема некој механизам кој ќе создаде институција која ќе го спроведува Рамковниот договор, договор кој е од големо значење како проект кој Македонија ќе ја поведе напред.

Сите ние знаеме дека Охридскиот договор е проект, а сопственик на овој договор, потписници е и Европската унија и САД. Се работи за проект за една европска Македонија или Македонија која треба да се зачлени во НАТО. Значи, имавме и многу дискутанти и многу зборови и од Европската унија дека Македонија во Европската унија ќе пристапи преку Охридскиот Рамковен договор. Значи, доколку ги видиме нашите

домашнми задачи како Република Македонија за да се зачлени во НАТО структурите првата задача е Охридскиот рамковен договор.

Второ, се реформите во судството и

Трето се реформите кои се при крај во Армијата на Република Македонија.

Охридскиот рамковен договор како проект има и свои столбови, столбови кои се од големо значење, како што е правичната и соодветна застапеност каде Албанците треба да имаат процент со нивниот процент во државната управа. Тука е децентрализацијата која исто така треба да се спроведе на централата власт кон локалната самоуправа, а локалната самоуправа треба да превземе нови ингеренции.

Има и друг значаен проект, тоа е проектот на законот за јазиците каде албанскиот јазик во оваа држава треба да го добие официјалниот третман. Значи, албанскиот јазик треба да биде службен јазик во Република Македонија.

Што е превземено за овие столбови?

Со внимание го сослушав господинот Бучковски кој говореше за неговиот мандат, но сигурно нему му пречи овој создаден механизам за спроведување на Охридскиот рамковен договор и тој сака да има такви типови како Муса Џафери кој констатираше по разни интервјуа дека за имплементација на Охридскиот договор треба да поминат 34 години. Значи, треба да поминат 34 години за да дојдеме до правичната и соодветна застапеност или да го имплементираме овој договор. Јас ќе ви речам не. Ние одлучивме да создадеме реален и ефикасен механизам, кој ќе влијае во стимулирањето или ќе влијае позитивно во реализирањето на овој договор. Значи, механизам кој ќе се раководи од заменикот на претседателот на Владата и ќе создаде една група лица кои ќе водат пет одделенија, се разбира и државниот секретар за остварувањето на Охридскиот договор кој ќе му даде импулс на спроведувањето на овој договор.

Одделението за подобрувањето на правичната и соодветна застапеност е одделение кое одделение ќе ги има сите информации со кои треба да располага ова одделение. Значи, до каде е правичната застапеност во државната управа. Значи, сите управи треба да знаат колкава е застапеноста во соодветните.

После е одделението за координација и соработка. Ова одделение ќе соработува и координира со работите што побрзо да се реализираат проектите што произлегуваат од Охридскиот договор и кои треба да се имплементираат во целост.

Третото одделение е одделението за набљудување на процесот на децентрализација на локалната самоуправа и реформите на јавната администрација на Република Македонија во врска со Охридскиот рамковен договор. Значи се работи за одделение од големо значење каде ќе барам секогаш информации од институциита на системот до каде е правичната застапеност и до каде се процесите околку децентрализацијата и реформите во јавната администрација.

Значи, се работи за одделение кое ги задолжува сите државни институции истите да ја кажат правичната застапеност и истовремено да превземат чекори исполнувајќи ја правичната застапеност во институциите на системот. Значи се работи за задолжителна обврска кон институциите кои ќе продолж ат, со што ќе се продолжи да се следи една позитивна динамика во однос на реализирањето и спроведувањето на Охридскиот рамковен договор.

Одделението за човечки ресурси и финансиски средства е одделение кое ќе зрачи позитивно, каде освен прибирањето на човечки ресурси или потенцијалите кои терба да се исполнат во институциите обезбедува и финансиски средства од буџетите, од државниот Буџет за реализирањето на проектите од Охридскиот рамковен договор.

Тука е и петтото одделение, одделението за односи со јавноста. Ние дефинитивно треба да се оддалечиме од шпекулациите и ова одделение на таксативен начин и прецизен начин ќе ги даде податоците до каде е спроведувањето на Охридскиот рамковен договор и како течат проектите во спреведувањето на овој договор за да имаме една правична и соодветна застапеност на заедниците.

Се говореше и за портпаролите, портпаролот на Владата, портпаролот Бетон Ибраими, но не остана ништо без да се нагласи.

Вистина е дека за прв пат во историјата на оваа држава се именува албанец за портпарол на Владата што јас мислам дека не треба на никого да му се расипе ќеифот за ова. Овој портпарол треба да продолжи со работа во тие простории, но се разбира во иднина тој да ја добие позицијата подинамична на неговата работа, таму каде што е но добро е во оваа држава да функционираат два портпароли, како што е моментално сега. Значи, и портпаролот Боцевски и портпарол Бетон Ибраими, од причина што е пракса која треба да се спроведе градуално каде и албанците треба да имаат функции кои не ги имале во минатото. Ова ќе биде добар пример за да изградиме или да имаме една креативност во однос на позициите на албанците во државните институции.

Благодарам господине претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете за реплика три минути господин Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам претседателе.

Внимателно го слушав колегата Матоши при неговото изјаснување околу оправданоста за оваа измена за изменување и дополнување на законот за Владата. Јас мислам дека треба и пошироката јавност во Република Македонија да знае каква демагогија говори господинот Ружди Матоши.

Ружди Матоши и неговата партија кои никогаш не се занимавале со политички субјекти, меѓутоа понекогаш ќе му дојде редот и во овој конкретен моментн, јас не сум се занимавал со политички субјект, меѓутоа, јас морам да кажам дека Демократската партија на Албанците уште кога беше во опозиција го прогласи Охридскиот рамковен договор како инетентен договор, или пак политички договор кој што воопшто не постои. Се поставува прашање зошто сега, дали што се вратија на власт и сакаат да спроведуваат нешто што го спореле во минатото. И при разните службени и неслужбени изјаснувања од субјекти или членови од вашиот политички субјект било спомнувано и речено дека вашата парламентарна група да не сонува дека ќе се имплементира Охридскиот рамковен договор. Сега за сега мислам дека не мисли господинот Матоши и политичкиот субјект на кој што тој припаѓа, да не се обидува да прави широка измама на јавноста во Република Македонија и дека наводно тие биле автори кои што знаат да го спроведат Охридскиот рамковен договор. Многу добро се знае кој мож е и кој има капацитет за имплементација на Охридскиот рамковен договор, меѓутоа овој закон кој што се предлага, господинот Матоши вели дека со ова ќе се направи унапредување на албанците во Република Македонија. Многу добро пишува во овој закон дека се говори само за вработувањето на албанците.

Значи, овој секретаријат при Владата ќе се однесува само за бројки за тоа кој ќе се вработи, колку се вработуваат итн. Дали овој секретаријат ќе се троши, и се формира само заради оваа работа, или пак има и други обврски јас не гледам други обврски. Каде е унапредувањето на политичкиот и правниот статус на албанците во Македонија. На пример зошто тука не се даде еден поинаков аспект, поинаков правен преглед, туку само со бројки, каде е употребата на албанскиот јазик, каде се оние работи што ги имате и како примарна работа за спроведување.

Што се однесува за гласноговорникот Бетон Ибраими може само да му отвори и да му затвори врата на Ивица Боцевски и никогаш да не му ја открие политиката за која што е избран.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута за контра реплика на господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам претседателе.

Јас таксативно ќе набројам неколку прашања на господин Сафет кој се обедини со ДУИ и ги штитиш интересите на таа партија. Ти господине треба да знаеш дека поголем напад на Охридскиот договор му направивте вие прифаќајќи закон за патни исправи кој не соодвествува со Охридскиот рамковен договор.

Говореше за јазикот, ќе ги кажам и за јазикот. Вие сте се приклучиле на една партија на која заменикот на претседателот рече дека 34 години треба за да се реализира Охридскиот рамковен договор. Да не те болат сега очите ниту од конкурсите, ниту од конкурсот од 250 администратори, ниту од вториот кој ќе следи, да не те болат очите ниту од Агенцијата за државни службеници. Оди види таму, види го процентот колку албанци се вработуваат. Биди реален, што е позитивно треба да признаеш што е позитивно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Веле Митановски.

**Веле Митановски:** Почитуван претседателе,

Сакам само една непрецизност да исправам без да навлегувам во материјална расправа.

Неколкумина од колегите, условно да кажам и од албанскиот политички корпус и од македонскиот прават грешка дека при сегашната Влада за прв пат има портпарол албанец. А тоа не е точно. И во Владата на Бучковски, господинот Агим Јонус беше портпарол, втор со Чолаковски, познат колумнист, мој колега, меѓутоа сакам да кажам, бидејќи добро ја познавам работата во тоа време, немаше никаква разлика во поглед на третманот Јонус. Отворено кажувам, како што е сега со портпаролт. И тогаш беше во сенка и сега е во сенка. Тука сакам да направам една паралела и да ви кажам една вистина.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Матоши една минута за контра реплика.

**Ружди Матоши:** Јас сакам да го ослободам господинот Веле дека портпаролот кој е во Владата на Република Македонија и кој се вика Бетон Ибраими, има поинаков третман. Тој беше назначен портпарол на Владата и се уште не е разрешен од портпарол на Владата и заедно со Ивица Боцевски управуваат во комуникацијата со јавноста. Но, ние ќе инсистираме и инсистираме во иднина да се продолжи со подобар третман и поширока комуникација на Владата со граѓаните посебно на портпаролот кој ќе биде од албанците за да има масовна комуникација. Значи, да имаме комуникација како со македонците така и со албанците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Дозволете и јас да кажам неколку збора околу Предлогот на законот кој го имаме пред нас. Секако не може да се заобиколи, да се запостави една таква можност затоа што се работи за закон кој што се обидува да уреди еден уставен сегмент кој произлегува од Охридскиот рамковен договор и кој што е уставна обврска на секоја Влада и како таква обврска ќе остане во иднина, затоа што произлегува од самиот Устав.

Секако е за поздравување и за подршка еден ваков акт на Владата со кој акт се претендира со посоодветни и подобри механизми да се подобри политиката на Владата, во функционирањето и исполнувањето на уставната обврска за правична и соодветна застапеност на немнозинските

заедници, посебно во оваа прилика на оние кои се помалку застапени и во овој контекст тие што се помалку застапени се албанците. Затоа, како причина за дерогација на политичкиот систем и губење на лојалноста кон државата, поради овие официјални политики, произлезе сегментот на Охридскиот рамковен договор како основен столб за надминување на овие проблеми кои следеа однадвор.

Ние како политичка партија сигурно дека го поздравуваме и подржуваме секој акт, секое дејствување или пак секој инструмент кој води во тој правец затоа што мислиме дека имплементацијата на Охридскиот рамковен договор или пак на уставните обврски, неретко зависи и од инструментите кои се на располагање за таа имплементација што е можно да биде поефективна. Во оваа прилика, овој инструмент значи издигнување на нивото на одговорноста, или пак организацијата на државната администрација, значи еден сектор во секретарјат, сигурно дека ќе биде мерка која ќе треба да доведе до правична и соодветна застапеност. Меѓутоа, во оваа прилика морам да кажам и да елаборирам неколку прашања кои фактички несекогаш се такви како што се прикажуваат и несекогаш може да доведат до овие ефекти, до колку тие не се доволно јасни за целата владина структура и до колку тие понекогаш се оставаат само на товар на албанскиот политички субјект кој ги застапува нив во Владата, затоа што се работи за уставна политика која треба да биде резултат на зрелоста, на политичката потреба за сите сегменти во Владата и во другите јавни органи, затоа што, како што се знае правичната и соодветна застапеност не е обврска само на органите на државната администрација, туку дел и на другите јавнис ектори каде  основач е Владата. Во тој контекст сакам да спомнам дека,како во минатото, така и сега, освен соочувањето со овој проблем имаме и еден феномен кој фактички треба да се има предвид. Оваа моја дискусија е во правец на еден вистински придонес во овој правец затоа што тоа е предизвик кој се јавува кај секоја Влада.

Често пати имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, посебно на сегменот на правичната и соодветна застапенсот, воглавно се остава на министерствата кои со поголема ефикасност го спроведуваат тој договор. Значи таму каде што има министри албанци, секогаш застапувањето или пак настојувањето за подобрување на застапувањето било посоодветно, додека, за жал, како во минатото така и сега, со оваа Влада во облстите каде што нема министри албанци, оваа политика останува само желба и објект на вознемирување во континуитет. Затоа јас мислам дека едно вакво унапредување на административно ниво, како што е трансфорамција на сектор во секретарјат, може да даде некој подобар ефект отколку што имало до сега, а за досегашниот ефект ќе говорам понатаму. Мислам деак со позитивен ефект може да биде само до колку во Владата оваа политика биде подржана од сите сегменти и стане дел на политиката во сите области, што не гледам дека е така. Оваа идеа ќе ја конкретизирам со неколку податоци, како на пример во Министерството за надворешни работи имаме 17-18 сектори, не знам дали има некој раководител на сектор албанец, имаме исто така советници. Од 17 или 18 можеби само еден е Албанец. Во Министерството за финансии имаме речиси слична ситуација на сите нивоа. Посебно во Министерството за економија, вие знаете дека имаше деградација која беше не само со политичка димензија, за што и Европската унија не критикуваше, туку имаше димензија на дискриминација или пак на деградација во структурите и од етнички карактер, за што и на господинот министер му свртев внимание и на Комисијата, нешто штонавистина е неприфатливо, а д ане говорам и за владините агенции каде што непосредната контрола на Владата е помалку посредна и каде што исто така правичната и соодветна застапенсот на албанците заостанува многу. Зато јас мислам дека, покрај тоа што сега се нуди како поефективно решение, до колку бидат неуспешни и ваквите механизми на унапредување на владините структури, ние ќе бидеме принудени да излеземе со предлог на закон за имплементација на правичната и соодветна застапенсот во разните владини агенции, како во министерствата така и во јавните институции, затоа што, без сомнение, недостатокот на одговорност и недостатокот на административна одговорност на разните министерства, фактички ја  релативизира политичката потреба за имплементација на овој сегмент. Еден закон кој го гарантирал и санкционирал тој што всушност не го имплементирал, не ја имплементирал уставната политика, затоа што тоа не е само владина политика, туку е уставна политика, тоа ќе биде задолжително. До колку трендовите на вработувањето и правичната и соодветна застапенсот на албанците оди со динамиката со која одела, посебно оваа последна година.

Вториот сегмент што сакам да го нагласам е дека се говори за тоа како било и како е.

Јас на почитуваниот претходен говорник, господинот Матоши, би му рекол дека ние кога бевме на власт 4 години, успеавме 16% да го зголемиме вработувањето односно застапеноста на албанците во јавната администрација. Тоа беше ајвно објавено и аргументирано. Тој документ е исто така и на порталот на секторот кој сега со закон ќе стане секретарјат.

Последниот податок, почитувани пратеници е од 31.08.2006 година. Ние сме сведоци дека тогаш заменик премиерот на Владата кој беше задолжен за Охридскиот рамковен договор излезе со идеа дека вака се прави имплементација на Охридскиот рамковен договор, во стилог како и на господинот Матошо што рече, велејки дека на овој портал вие секои три месеци ќе гледате колку ќе

се вработуваат, колку е зголемен процентот на вработување во разните министерства и т.н. Јас само ќе ве потсетам дека, затоа што порталот е јавен, ќе видите дека таму веќе нема податоци за правичната и соодветна застапеност. Нема податоци од 31.08.2006 година. Значи нема ажурирање. И за да се демантира тоа што ние како опозиција можеме да го кажеме, некому може му се чини неправилно, јас сепак би рекол да се објави на овој портал или на друго место, затоа што еве тука е и претставникот од Министерството за правда и да каже од 31.08.2006 година до сега колку е подобрено застапувањето на албанците во јавната администрација, со бројки. Ние можеме да кажеме толку сме направиле, вие можете да кажете еден повеќе или помалку, во ред, ќе расправаме за тоа. Меѓутоа, сакам да кажам дека во 2006 година во август месец беше колку што е сега. Ние, почитувани пратеници, немаме податок колку е подобрен процентот или колку е постигнато во оваа насока со досегашните политики. Тоа не е вина на опозицијата, тоа не е вина на оние што тоа ќе ви го кажат во Парламентот, затоа што ние затоа и сме тука за да ги подобриме политиките и да создадеме услови за имплементација на поефективни политики во оваа насока затоа што само така може да се постигне интересот на оние што ги застапуваме. Затоа мислам дека, тоа што го кажа и господинот Матоши, до колку некој рекол дека за толку и толку години ќе се направи правична застапеност, може едноставно да одговори,не во онаа форма како што беше тука, туку едноставно, без оглед колку ние сме направиле и како сме правеле, ве молам кажете вие колку сте направиле во оваа година и колку ќе направите докрајот на мандатот, со бројки кажете го тоа, кој индекс ќе постигнете, годишно, за да можеме тоа и да го измериме. Со изјави, дека вие не сте направиле вака, ние ќе направиме многу подобро, оваа работа не може да се мери и не може да биде објект на една сериозна расправа меѓу два сериозни политички субјекти кои добиле мандат и во овие околности што им беа наметнати, со изборот на господинот Груевски, да го застапиме интересот на албанците во Владата. Затоа јас ве молам, со бројки, а не само со етикетирање и со разни тенденции со кои се обидувате да се наметнувате.

Вториот сегмент, почитуван претседател е и забелешката која фактички се направи од страна на Европската унија, со соодветната Резолуција, тоа е дека ние имаме политизација на администрацијата и дека има тенденција за понатамошна политизација поради партиската припадност. Дури и етничката припадност во неколку сегменти сеуште тоа е на високо ниво.

Јас сега прашувам, дали можеби унапредувањето на секторот во секретарјат, ќе биде инструмент повеќе за понатамошна партизација, за понатамошна политизација на администрацијата, или пак ќе биде во функција на избегнвување на овој лош феномен кој навистина ги доведе во нееднакви ситуации и конкурентите кои со закон треба да бидат деполитизирани.

Јас ве молам, јас очекувам, затоа што ние го поддржуваме ова решение, очекувам унапредувањето на една таква структура да биде во функција на деполитизација и департизација на државната администрација, затоа што само така ние ќе исполниме уште една наша уставна обврска за деполитизација на администрацијата, меѓутоа и уште една обврска која ние од Европската унија која не ги прифаќа и не ги признава нашите логики кои, да кажамне се карактеристика само на оваа Влада илина овој момент, туку ние лека полека треба сигурно да тргнеме и да ја оставиме на страна политиката, затоа што тоа го прави човекот да не биде во функција на зајакнување на администрацијата, нешто што и беше логика на ефективните политики за правична и соодветна застапеност. Затоа од овој аспект, јас мислам дека ќе треба да се решат работите затоа што не секогаш законските унапредувања или пак унапредувањата на административната структура, на некој сегмент во администрацијата, авоматски би подразбирале и подобрување на политиките во оваа насока, како аспект на квантитет, значи да се зголеми бројот на застапување на оние кои се помалку застапени во јавната администрација, посебно и на ова второто затоа што имаме голема потреба сите ние и како граѓани, да се зајакнат капацитетите на јавната администрација во функција на тоа што се нарекув аили пак што е зајакнување на административните капацитети за подготовка на Македонија за разните фондови кои се отвараат од Европската унија, за практикување на европски закони, за зајакнувања на истите, затоа што ние како албанци треба да признаеме дека со искористување на ова Уставно право кое беше како резултат и директен плод од Охридскиот рамковен договор кој се имплементираше и се реализира од 2001 година наваму, ние сме преземале и поголема одговорност за зајакнување на капацитетот на оваа држава, не само за нас како албанци, тукуи за зајакнување на капацитетот на државата во целсот, за сите политики на оваа држава, што подразбира, до колку ние од административен аспект имаме неуспех во правец на интеграција во Европската унија, ние треба да прифатиме дека дел од одговорноста за овој неуспех имаме и ние како албанци затоа што имаш 25% претставници албанци. Тоа е одговорно затоа што тое е една од четирите столици покрај трпезариската маса која што не може да стои на стабилен начин. Затоа нашата одговорност во извршните и одлучувачките политики во функција на зајакнување на административните капацитети, треба да се гледа и од овој аспект. Значи, знаејќи дека нависитна имаме еднаква одговорност и во оваа насока, ние треба да бидеме внимателни за да развиваме политики во функција на зајакнување на јавната администрација и за албанците, затоа што само

деполитизирана и департизирана јавна администрација и со албанците, ќе ја подготвиме Македонија за Европска унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарма и јас.

(Пауза за ручек до 14,30 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,33 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

За реплика се јави господинот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Реплицирам во однос на дискусијата на господинот Азиз Положани, поранешен министер за образование во Република Македонија во Владата на СДСМ и ДУИ. Господинот во неговото излагање искажа сомнежи за секретаријатот кој денес ќе премине во повисоко ниво и ќе биде извршен орган на Владата, орган кој ќе дава налози во сите области, во сите министерства и сите насоки како треба да се направи соодветната и правичната застапеност на сите заедници во Република Македонија во согласност со Охридскиот договор. Налозите ќе ги проследи, дали ќе се реализираат, и на крајот се предвидени средства, казниви средства за сите организации, институции и министерства и други државни институции кои нема да ги применат налозите на овој секретаријат и сите ќе се казнат со разни глоби. Значи, дава налози, контролира и казнува таму каде што не се остварува тоа што е кажано од  страна на Владата на Република Македонија.

Бидејќи господинот побара бројки времето ни е кратко, ќе му кажам неколку бројки, кои тој ги побара. Вработувањето на Албанците откако ние сме во Влада 80-те кои тие ги оставија на улици ние ги вработивме и ги ставивме во систем, 250 администратори во првиот конкурс, 250 администратори со вториот конкурс, вкупно 580 администратори. 600 во болниците, 500 во Полицијата, Војската и други институции, вкупно 1680 нови вработувања и 1400 се во постапка. Вкупно 3000. Ќе ми дозволите, половина минута, потоа библиотеките, институциите, театарот, универзитетот каде има 560 нови вработувања, нови програми, нови факултети, како Факултетот по медицина и стоматологија кои тие го осакатија, го забранија и го загубија и го партизираа.

Нема ниту еден директор во средните училишта во Македонија во албанското подрачје од ДПА, тие го партизираа сето тоа и сега сакаат нас да не обвинат. Благодарам и барам извинување за времето кое што го пречекорив.

**Бесим Догани:** Вие завршивте 20 секунди пред време, но и како и да е ви благодарам.

Господинот Матоши кој се јави за реплика не е тука, затоа збор му давам на господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници,

Иако денеска го разгледуваме Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за Влада јас сепак иако не сум правник сакам да искажам неколку мои забелешки и моја неусогласеност со донесувањето на овој Предлог на закон за дополнување на Законот за Влада.

Најнапред би се осврнал на секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор. И претходните дискутанти кои зборуваа и укажуваа на некои забелешки, јас ќе се навратам на дел од нив, ќе кажам една работа.

Донесувањето односно воведувањето на секретаријат за спроведување на Рамковниот договор е излишен во овој момент во Република Македонија. Зошто е излишен. Најнапред се повикуваме на Рамковниот договор, мајскиот договот кој што беше склучен помеѓу премиерот на Владата на Република Македонија господинот Груевски и претседателот на Демократската унија за интеграција господинот Али Ахмети. Дали ова е дел од тој договор или не е, бидејќи тогаш се расправаше за некои работи кои што прво беше дали има договор или нема договор, потоа беше неисполнувањето на Охридскиот рамковен договор за на крај да дојдеме во една ситуација во која што нема да знаеме зошто сега да се формира секретаријат за Рамковниот договор. Немам ништо против етничките заедници и секој пат ќе дадам поддршка околу нивното воведување во функција на добробит на Република Македонија. Секогаш ќе стојам на страната на сите етнички заедници се со една единствена цел да имаме едно општество во кое што довербата помеѓу едните и другите ќе биде на највисоко рамниште. Меѓутоа, дали со воведувањето на секретаријатот за Рамковниот договор сите овие прашања кои што се дадени како забелешки на Охридскиот рамковен договор ќе бидат испочитувани од тој секретаријат или тоа ќе биде само едно тело во кое ќе се замае и јавноста, а ќе се замаат и сите етнички заедници дека со тој секретаријат ќе бидат решени сите нивни прашања. Сметам дека со тој секретаријат нема да биде ништо решено. Имаме многу поедноставна слика, да кажеме при донесувањето на Буџетот, наредниот Буџет да каже, да излезете како Влада и да каже, имаме издвоено средства во износ на толку и толку за вработување на етничките заедници во Република Македонија. Дали ќе бидат 1000, 2000, 3000 илјади тоа е проблем кој што вие како Влада треба да го решите. А, вака да воведеме секретаријат во кој што на крајот давате дека нема никакви финансиски импликации, не се потребни никакви финансиски импликации за дополнување на Законот за Влада, сметам дека нема цел да постои секретаријат за спроведување на Рамковниот договор. Како ќе функционира тој секретаријат мене воопшто не ми е познато затоа

што и вие самите во членот 4 давате рок во кој од 30 дена ќе се направи систематизација на работните места. Која е таа систематизација на работните места, дали од постоечкиот сектор за спроведување на Рамковниот договор во Владата, тие луѓе ќе бидат превземени во секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

Меѓутоа јас мислам вие како Влада, овој секретаријат ви е само ставен колку ради реда, само за да задоволите нечие лично барање. Личните барања околу тоа кој ќе биде порт парол на Влада, дали тој ќе биде функционер или не, тоа е ваш проблем. Тоа е проблем и на граѓаните на Република Македонија. Замислете порт парол на Влада да биде функционер. И, кога ќе направите една паралела во која што платата ќе му биде регулирана спрема Законот за избрани и именувани лица во кој што најмалиот коефициент како што мене ми е познато е 2,2. Директорите имаат 2,2 на инспекторати и замислете ја одговорноста на еден директор на инспекторат ќе ја споредите со одговорноста на еден порт парол на влада, а всушност што значи зборот порт парол. Зборот порт парол иде од два латински збора од порте, значи носи, изнесува и пренесува и зборот парле, значи тој има функција само да пренесува, а не и да дава коментари, а не и да ја оквалификува опозицијата и да настапува со ироничност кога зборува за опозицијата. Ако е тоа целта на оваа Влада да има човек кој што ќе го направи функционер и тој функционер ќе има задача да ја критикува само опозицијата и да пренесува негови лични ставови како што беше случајот околу гранатирањето на Владата на Република Македонија во која што тој како порт парол на Владата ниту имаше одговорност, ниту пак ќе има одговорност и во иднина ако изнесува факти кои што се негова лична проценка.

Меѓутоа, не е проблемот само лицето Ивица Боцевски. Во Владата со сегашниот закон е предвидено сектор за односи со јавноста на Владата кој се наоѓа под Генералниот секретаријат на Владата и која што за мене е добро уредена. Сега, ние кога ќе имаме еден функционер порт парол кој што за мене како функција, не знам колку вработени ќе има во неговиот кабинет, кои луѓе се ќе бидат вработени, на кого ќе дава отчит тој функционер, бидејќи е функционер. Дали ќе дава ако директор на орган, ќе дава на министерот отчит. Ако е директор на агенција ќе дава отчит на Владата. Каде ќе дава отчит порт паролот на Владата на Република Македонија. Кој ќе суди за неговата работа. Бидејќи порт паролот е дефиниран како човек кој што треба да пренесува информации од Владата до граѓанинот. Значи, ако е тој функционер, тогаш во оваа ситуација треба да имаме тој пред кого да одговара. Дали ќе одговара пред Владата, ако одговара пред Владата, значи Владата треба самата себе си да се критикува затоа што порт паролот сигурно ќе ја кажува вистината од седниците на Владата. Нема да излегува со негови паушални изјави пред медиуми. Како тоа ќе го регулира, колкава ќе му биде платата, кој коефициент ќе го земе тој порт парол. Да не кажувам дека во оваа ситуација сите знаеме кој ќе биде новиот функционер на Влада. Затоа почитуван господин министер, вие како што немавте одговор на неколку прашања кои што беа поставени од претходните дискутанти и сега ќе немате одговор, затоа што целиот Предлог закон што го давате е изнудено решение. Ова е паушал. За да задоволите една лична суета, за да задоволите еден човек вие морате да дојдете и да го браните сето ова.

На крајот сакам да кажам дека одговорноста околу назначувањето на функционерот порт парол, не зборувам кој ќе биде и не е воопшто битно, битно е дека Република Македонија ќе добие уште еден функционер. Република Македонија на тој функционер треба да му обезбеди услови како и на сите други функционери во оваа држава. И дали е целта на оваа Влада да направи што може повеќе функционери, работници да нема. Како ќе биде еден функционер кој што ќе биде шеф сан на себе, тоа треба вие да ни го кажете.

Треба да ми одговорите и на неколку прашања кои што беа поставени, а едното од тие е, каде ќе дава отчит функционерот порт парол, дали пред Владата, дали пред граѓаните на Република Македонија.

И, што ќе биде со луѓето кои што се вработени во Секторот за односи со јавноста во Владата на Република Македонија кој што се под ингеренции на Генералниот секретаријат, односно на Генералниот секретар на Владата. Затоа сметам дека вие за да задоволите една суета го предлагате и формирањето на секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, а знаеме дека спроведувањето на Рамковниот договор побарува финансиски средства, а вие тоа со овој Буџет на Република Македонија го немате предвидено или вашите предвидувања беа само во оние рамки во кои што ги споменаа неколкуте вработувања од страна на Владата кои што се однесуваат за едничките заедници.

Меѓутоа, ако сакате да го спроведеме Рамковниот договор како што треба и како што сакаат етничките заедници вие како Влада ставете во Буџетот за 2008 година стрикна бројка во цифри, средства, колку средства ќе бидат потребни за вработување на луѓето од етничките заедници. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Сега за жал, јас ќе морам да ви реплицирам, иако најмалку сакам да реплицирам.

Господине Серафимов, мене ми е жал што ќе ви се обратам директно но изгледа дека типично на вашата политичка провиниенција секогаш испаѓате зборувате, само да зборувате а не да кажете нешто. Тоа го кажавте и сами на почеток

дека не сте експерт од оваа материја, но сепак говоревте за една материја која не ви е позната. Затоа јас ќе се обидам да ви објаснам некои работи и на некои да ви реплицирам, нормално.

Првото ваше прашање беше зошто се креира секретаријат. Господине Серафимов ќе ви кажам дека секретаријатот се формира за да се избегне вашиот начин на работење кој е општо познат и е начин на работење која дава убави зборови, дава убави мисли, дава убави насоки, дава ингеренции, дава надлежности но за истите надлежности и ингеренции не дава ни соодветна логистика, не дава соодветен кадар и не дава соодветни финансиски можности. Денешниот секретаријат кој ние заедно ќе го изгласаме бидејќи вие сте многу про Охридскиот договор, многу про застапувањето на етничките заедници, така да верувам дека заеднички ќе го изгласаме.

Со ова изгласување денеска секретаријатот и човекот кој што ќе го води секретаријатот нема да биде само личност, туку ќе биде човек со екипа, со тим и со сите потребни ресурси за да се имплементира Охридскиот договор бидејќи, господине Серафимот Охридскиот договор не значи само рамноправна застапеност на етничките заедници, туку, ако не сте знаеле Охридскиот договор предвидува и рамноправна распределба на добрата на државата, како што се финансиските средства. Не знам колку сте запознати многу колеги кажаа за тоа, колку инвестиции се направени условно во албанскиот дел на Македонија, колку нови вработувања се направени за овој период и мислам дека треба да признаете дека значително е направено во овој правец и треба да сте задоволни бидејќи и самите кажавте дека сте заинтересирани за напредок во оваа сфера.

Исто така, сакам да ви кажам дека овој секретаријат ќе ги има и своите одбрамбени механизми, одбрамбени во смисла да нема самоволие на државни функционери, да не остане само декларативна желба на некои министри за вработување на Албанци во дотични министерства, туку секретаријатот ќе нуди и одбранбени механизми кои на некој начин ќе ги примораат дотичните министри да се придржуваат на ветеното или на договореното. Благодарам.

Господине Серафимов една минута за контра реплика повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, ништо ниво не кажавте. Кажавте се она кое што беше спомнато и од моја страна, меѓутоа луѓето, екипите, јас мислам во член 5 стои дека, или поточно во преодните одредби за финансиски средства за спроведување на законот стои дека не се потребни буџетски средства. Кои екипи ќе ги правите, со кои екипи ќе настапите вие? Како ќе го екипирате секретаријатот. Значи се враќате на старото, луѓе кои што се врботени во Секторот за спроведување на Рамковниот договор. Тоа значи дека тие луѓе не се вработени од вчера, тие луѓе се вработени од време кога беше СДСМ на власт, заедно со ДУИ.

И ако нема потреба од финансиски средства за спроведување на овој закон, во тој случај веќе се враќате, вие идете во една корелација со она што го кажувате.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Накратко сакам да го изнесам моето мислење и мојот став околу Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон.

Не можам а да не забележам во оваа прилика дека констатацијата која што неколку пати ја изнесувам од оваа говорница и на седниците на кои што условно се договараме, или сакаме да реализираме европска агенда ќе ни се најде по некој ваков закон кој што единствената цел е само да се задоволи некој партиски интерес, или да се реши некое кадровско решение. Само на таков начин губиме непотребно време, а условно кажуваме дека многу сме заинтересирани, или вие многу сте заинтересирани од ВМРО-ДПМНЕ да одработите на европската агенда за Република Македонија. Меѓутоа, секоја втора точка нудите некакви вакви закони кои што доаѓаат во Собранието на Република Македонија и отвораат полемики.

Овој закон што денеска е понуден не е ништо друго туку задоволување на одредени партиски интереси или договарања кои што ги имаат коалиционите партнери во Владата, или за задоволување на одредени лични интереси, лични позиции, добивање на одредени поединци и тн. и тн. Со тоа директно ја ставате Република Македонија заложник на ваквите партиски интереси и на интересите на одредени поединци.

Што се однесува до делот во кој што се изменува Законот за Влада за да се формира секретаријат за спроведување на Рамковниот договор јас не гледам ништо лошо во тоа, меѓутоа не гледам ниту некоја голема потреба од едно вакво решение, заради тоа што ништо нема во суштина да се промени во еден ваков закон со тоа што ќе имаме секретаријат за спроведување на Рамковниот договор во Република Македонија. Тоа е можеби и побенигното решение во овој Предлог на закон кој што може да се прифати се со цел, еве и да го прифатиме образложението дека на овој начин ќе се зголеми ефикасноста во спроведувањето на Рамковниот договор и тн. и тн. или ќе се отстранат одредени недоследности кои што до сега не биле спроведувани на соодветен начин од кои што одредени заедници во

Република Македонија не биле задоволни, не ги оствариле своите интереси и желби во времето на претходната власт и тн., што апсолутно не држи. Тоа впрочем го покажаа и граѓаните на изборите кои што поминаа минатата година, незадоволството резултираше со пад на албанскиот партнер во Владата на СДСМ. Тоа значи дека имало задоволство во тој електорат токму од спроведувањето на ваквиот рамковен договор и затоа дава резултати со еден ваков закон кој што го имаме за Владата на Република Македонија или со ваква организација во Владата на Република Македонија во делот на спроведувањето на Рамковниот договор. Меѓутоа, како што реков за мене тоа не е проблем, наместо сектор денеска да му дадеме име дека тоа е секретаријат за спроведување на Рамковниот договор и со тоа да ја зајакнеме позицијата веројатно на потпретседателот на Владата кој што ќе раководи со овој секретаријат, кој што во моментот исто така има задолженија во делот на спроведувњето на Рамковниот договор, меѓутоа не раководи директно со секторот, туку раководи некој раководител на овој сектор, инаку ништо друго во суштина не менуваме. Апсолутно ништо заради тоа што и во членот 4 од овој закон стои дека вработените во Секторот за спроведување на Рамковниот договор во генералниот секретаријат продолжуваат со работа во секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во согласност со Законот за државни службеници. Што е тоа нешто повеќе што ќе се направи, кои се тие нови измени кога со истиот потенцијал и капацитет и со човечки ресурси, со кои што во моментот располага овој сектор ќе располага и секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, со истите капацитети кои што ги имале до сега, со истиот начин на работа во овој дел на спроведувањето на Рамковниот договор ќе се продолжи и понатаму.

Вториот дел, во делот на опремата, инвентарот, документацијата и средствата за работа на Секторот за спроведување на Рамковниот договор ќе ги преземе секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

И тука немаме ништоново освен единствената новина тоа што со секретаријатот ќе раководи член на Владата кој што ќе биде задолжен за спроведување на Рамковниот договор и со тоа зајакнеме таа позиција.

Ако е тоа некаков договор или потреба на коалиционите партнери уште малку да ги зајакнеме позициите на одредени луѓе во Владата на Република Македонија или на тој начин мислиме дека ќе подобриме нешто повеќе за да добиеме кој поен плус во електоратот и нека биде реков тоа едно од побенигните решенија кое што се нуди со Предлогот на законот.

Второто решение кое што е понудено пред пратениците во Собранието на Република Македонија е околу портпаролот на Владата. Ќе кажам некои свои размислувања, сосема принципиелно, без разлика на тоа кој во моментов се наоѓа на функцијата портпарол на Владата или глуми дека е портпарол на Влада, со одредени задолженија кои што ги има, меѓутоа ми смета само причината поради која што се прави една ваква измена. Знаете луѓето кои што за сопствен интерес, за сопствено унапредување во кариерата, не само да ја жртвуваат политичката опција на која што припаѓале, туку се спремни да жртвуваат дури и сопствено семејство и пошироко, само за да дојдат до одредена позиција, не ме чиди да направил ваков притисок за да може да добие ранг на функционер во Владата на Република Македонија и за мене тоа апсолутно, ниту ме изненадува од таков човек кој што е во моментот, ниту ме чуди. Меѓутоа ме чуди како со толку слаби аргументи се успеа да се продре во она што значи одлука од страна на Груевски на ВМРО-ДПМНЕ во овој дел, дали за тоа се заслужни изјавите кои што ги дава во дадениот момент или колку повеќе ќе плука врз своите претходни и тн. меѓутоа тоа повеќе говори и за Груевски и за ВМРО-ДПМНЕ, а не за тие на кои што им се обраќаат преку нивниот портпарол во овој момент. И веројатно успеа мисијата за денеска да разговараме да портпаролот на Владата на Република Македонија го именува и го разрешува Владата на Република Македонија. Ќе го направиме функционер, без разлика кој и да е, се прашувам дали ќе има заменик тој портпарол или ќе биде дежурен 24 часа во Владата на Република Македонија.

Ако има заменик се прашувам дали тој ќе биде од редовите на државните службеници, или и него ќе го именува Владата, веројатно со нова интервенција во Законот за Влада, за да и на некоја наредна седница разговараме пак за истата тема.

Ако не сметате така тогаш зошто да ги ставаме едните во надредена, другите во подредена позиција и тн. и тн.

Мислам дека непотребно, заради задоволување на одредена суетност на поедина личност, непотребно се отвора овој процес на менување на портпарол на Владата како државен функционер на кој што треба да му обезбедиме да ги ужива сите права на државен функционер, а до сега тоа си беше регулирано со Законот за државни службеници. Од тука поставувам прашање зошто не ги направиме функционери сите портпароли кои што ги донесовте во секое од министерствата да бидат на ниво на функционери, да не бидат ништо поразлично од она што ќе го има Груевски во неговиот кабинет. Зошто да нема и Маневски еден таков функционер до него, зошто да нема било кој од другите министри кои што се во Владата на Република Македонија, а впрочем ќе ги ставиме на исто ниво и сите портпароли. Тогаш ќе правиме веќе функционерки места, па подобро ќе гиз адоволиме интересите помеѓу ДПМНЕ, НСДП и ДПА, исто како што го правиме во делот на именување на двајца директори во

здравствените установи и тн. и тн., кои што гледаме какви ефекти даваат.

Тука би завршил и апелирам и до Владата на Република Македонија и до парламентарното мнозинство кое често пати се чуди зошто разговараме за непотребни теми, да не наметнуваат вакви теми на расправа во Собранието на Република Македонија, или ако ги наметнуваат за расправа во Собранието на Република Македонија да бидат подготвени дека некој сака да дебатира и да искажува одредени аргументи, а за тоа да не обвинуваат никој друг освен самите себе заради тоа што најголемата одговорност се носи токму во оној момент кога ќе одлучите на седница со европски закони, на седница за која што кажуваме дека со завршување на оваа седница ќе завршиме еден голем дел од обврските кон Европската унија, нудите еден ваков закон кој што не придонесува ништо друго освен задоволување на поединост и неговата суета, или задоволување на одреден партиски интерес. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасовски.

Збор за реплика има господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Јас нема да се задржувам на погледите на господинот Спасовски на законот, само ме обврзува мојата почит према него дека како помлад колега и како пратеник секогаш кога ги искажува своите мислења доста внимава, и мерка во искажувањата и внимава никого да не повреди. Јас не знам дали добро го слушнав, меѓутоа, така е тоа, барем мене така ми се стори, тој прво кажа дека ќе зборува за портпаролот, ама не за личноста која ја врши сега таа функција, и немам забелешка и да има тој критика на портпаролот за неговото вршење на функцијата, меѓутоа да рече нешто, што ми се стори дека е незгодно и неубаво. Опишувајќи го како личност што се жртвува тој наш портпарол на Владата, дека го жртвувал и семејството. Дали јас погрешно сум слушнал или не, не знам, мислам дека овде имавме едно искуство околу тоа кога еден минситер спомна семејство и тн. на еден пратеник, па решивме да извлечеме заклучок дека ќе си ги оставиме семејствата настрана и такви работи нема да спомнуваме, ќе внимаваме. Се што се однесува до политичките решенија, законските решенија можеме да ги искажеме работите, можеме да не се согласиме со политичките ставови на било кој функционер, ама да ги оставиме семејствата настрана, или навредите.

Друго, сепак мислам дека ако стане функционер портпаролот ќе има поголема одговорност. Законот носи нешто добро во тоа, затоа што е избран функционер, па дури и Собранието и пратениците ќе можат да му поднесат интерпелација за евентуални навреди, несмасност и лошо вршење на работата и тн. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава потпретседателот Иван Анастасовски).

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Господине Андов не зборував за Ивица Боцевски, оној кој што беше во тимот кој што го пишуваше Законот за лустрација. Говорев генерално за човек кој што може да го убеди Груевски, имајќи го предвид неговиот став по одредени прашања да изменува закон заради една личност. Тоа е само човек кој што може да жртвува се во својот живот за да достигне некој врв во кариерата. За такви луѓе говорев, не конкретно за Ивица Боцевски, за кој што знам дека имате обврска барем малку да го заштитите заради тоа што беше дел од тимот кој го плати ова Собрание за да го подготви Законот за лустрација. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Јас повеќе се јавив за дискусија по дискусиите и репликите на колегите пратеници од позицијата. Колегата Влатко Серафимов кажа дека не е експерт, и јас однапред да кажам дека не сум експерт, економист сум, па потпретседателот Догани мислам дека е тука, па евентуално како професор по албански јазик ако нешто згрешам ќе ми укаже дека сум згрешил односно нема свои видувања колегата Влатко Серафимов може слободно да ме поправи.

Но сепак колега Догани ќе се обидам да зборувам општо за да не погрешам, можеби не само вие и некој друг ќе сака да ме исправи односно ќе каже дека немам познавање од оваа сфера и така сум се јавил по оваа точка.

Но, јас се јавив за дискусија после вашите дискусии, ќе бидам краток, нема да бидам многу долг и би сакал да кажам односно да го изнесам мојот став по дискусиите на неколку колеги пратеници. Во моето кажување најверојатно ќе се препознаат пратениците за кои што ќе зборувам, односно по кои што ќе дадам свој став.

Пред се би сакал да кажам дека некои од пратениците овде кажаа во својата општа дискусија дека една од најбитните работи е приемот на Македонија во НАТО интеграциите и дека за тоа ни треба спроведување на Охридскиот рамковен договор, реформите во судството и реформите во АРМ.

Колега пратеник кој што зборувавте за ова, сега јас можеби ќе погрешам по некои проценки или проценти и затоа може слободно некој да ме исправи ако изнесам некои погрешни проценти.

Како еден од условите за прием во НАТО вие рековте дека е спроведување односно имплементација на Охридскиот рамковен договор. Според мене, тоа е чисто мое видување дека последен поствоен конфликт во 2001 година, после едни нарушени меѓуетнички односи од истата година кога СДСМ со коалицијата беше на власт од 2002 до 2006 година сепак според мене има еден напредок односно едно успешно спроведување на Охридскиот рамковен договор. Тоа колку е успешно, колку не е успешно сите знаеме овде, а и колку што знам и колку што сум слушнал Охридскиот рамковен договор според одредени експерти како од државата така и од меѓународни невладини институции и организации е договор кој што успешно се спроведува. Можеби не е завршен и затоа сите сме овде во наредниот период имплементацијата на Охридскиот рамковен договор да се заврши така како што треба или така како што е напишано.

Реформите во судството ќе ги оставам.

Трето, сакам да кажам нешто за реформите во Армијата на Република Македонија.

Мислам дека претходната Влада, можеби и онаа и дел пред 2002 година, повеќето од 2002 до 2006 година, реформите во АРМ мислам дека се над 95% завршени уште со претходната Влада и тука нема што многу да зборуваме односно тоа е завршена работа, само треба да се сочува тоа што е постигнато, а не да оди во негативна насока односно да се растури тоа што е постигнато со реформите во АРМ.

И само две реченици за она што колегата спомна за Судскиот совет. Мислам дека цела година се зборувам за овој Судски совет кој ни е еден од главните услови за Европската унија, Совет кој ни го барат било од позицијата односно господинот Груевски кога се среќава со странски дипломати и институции, а исто така и опозицијата кога вели дека едно од најважните прашања е да се реши Судскиот совет. Но, бидејки сите знаеме како се одвива тоа, мислам дека не треба да се обвинува опозицијата. За нешто да се спроведе и да биде успешо и Македонија да оди напред, мислам дека две страни треба да бидат расположени и договорени, а не само една која според мене во моментот е СДСМ односно опозицијата, бидејќи господинот Груевски сака се да биде по негово, но овде наиде на еден тврд орев односно не може да биде баш како што тој сака, затоа што и ние кога сме биле опозиција односно Владата на СДСМ, секогаш се седнувало, се разговарало, се преговарало, имало одредени компромиси и сега треба да има одреден компромис од господинот Груевски, но колку што знам и колку јас ја следам ситуацијата, кај господинот Груевски компромисот е нула.

За секретаријатот не би сакал да зборувам, зборуваа колегите пред мене. Дали е подобро да го носи досегашното име или ново, не е битно, кажаа многу колеги околу тоа. Јас како што реков на почетокот на мојата дискусија ќе се освтнам на тоа што некој го кажал и би сакал неколку збора да кажам околу портпаролот на Владата кој не знам колку месеци, можеби 10 месеци е веќе портпарол на Владата. Според мое мислење и според мислењето на јавноста на Република Македонија, портпаролот Боцевски не е портпарол на Владата на Република Македонија, туку е и на Владата и на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што тој, според овој Предлог закон што сега го имаме и според тоа што го знаеме, портпаролот на Владата на Република Македонија треба да држи прес и да дава известување за тоа што одлучила Владата, што ќе превзима итн, но ние наназад една година знаеме портпаролот на Владата какви изјави дава, јас стојам на тоа што пред малку го реков и мислам дека госодинот Боцевски не само како што реков е портпарол на ВМРО-ДПМНЕ, туку тој веќе од таа функција си зема за право да биде и обвинител и судија и адвокат итн. Сепак мислам, еве и вие овде потпретседателе, колега Анастасовски, колега Догани, не е овде нашиот претседател Љубиша Георгиевски и вие сте исто така избрани од ова Собрание, но сепак се однесувате еднакво спрема нас пратениците, без разлика дали сме од позиција и опозиција, што мислам дека уште еднаш ќе го спомнам господинот Догани, само во одредени ситуации има слабост спрема својот претседател Мендух Тачи. Јас тоа му го имам кажано и на него не само овде на говорница туку и надвор. Значи, тој е добар потпретседател но има слабост спрема претседателот на ДПА Мендух Тачи, бидејќи кога е тој овде малку му бегаат конците од рацете кога ја води седницата.

Тоа е моето видување околу овој Предлог закон.

Како што кажав на почетокот сакам да дадам некои мои видувања околу тоа што го кажаа колегите пратеници од позицијата и за портпаролот на Владата кој како што реков е и портпарол на ВМРО-ДПМНЕ.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Малденовска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Навистина, денешната расправа по текстот на законот за дополнување на законот на Владата на Република Македонија со Предлог на закон, не не остава рамнодушни во однос на она што можевме да го констатираме и како став и определба на Владата и како став на мнозинството овде во Парламентот, но ако сакате и како поединачни ставови на претставници во Парламентот, од страна на различни политички партии.

Навистина, се отворија многу интересни прашања и не можам да избегнам од заклучокот дека едноставно се поставува прашањето дали Владата има стратешки приоритети. Знам дека формално ќе кажат дека претставниците дека има стратешки приоритети, меѓутоа она што се

случува и од она што Владата постојано го иницира како прашања и овде во Парламентот, но и во јавноста, мислам дека тие стратешки приоритети се само чиста декларација, дека во суштина се случува нешто друго. Дури се отворија и многу интересни прашања помеѓу претставниците на разни политички партии од владеачкото мнозинство. Дури се поставува и прашањето за нивната усогласеност околу прашањето што овде ни ги предлагаат на усвојување.

Кога сме пак кај стратешките приоритети, можеби само Владата се декларира дека настојува Република Македонија да ја интегрира во Европската унија и НАТО структурите, а дека зад тие формални стратешки приоритети што се стратешки приоритети на Република Македонија наназад со години, се кријат некои други приоритети познати на претставниците на Владата кои најмалку се интерес на Република Македонија. Не можам да избегам од тој впечаток и како пратеник должност ми е и обврска да го кажам тоа што се случува овде во Парламентот, а заклучокот произлегува и од дневните редови на сите седници што ги имаме. Значи, денес по повод 69-тата седница на Собранието на Република Македонија, расправаме по 8-та точка. Има вкупно 26 точки. Значи сме поминале 7 точки од кои неколку беа поврзани со евроинтеграција и беа ставени на почетокот на седницата како приоритетни, на предлог на пратеник од опозицијата, но сега од 8 до 26 точка, за ниту едно од овие прашања немаме знаменце од Европската унија. Значи овие закони што Владата ги предлага, апсолутно не се приоритет на Република Македонија. Потоа, се соочуваме со настојување Владата и мнозинството овде да ја обвини опозицијата дека ние сме кочничари. Во што сме кочничари? Ние овде го утврдуваме дневниот ред? Еве ги завршивме, со претходната точка, Законот за Управна инспекција, го подржавме тој закон и Законот за претставки и предлози и претходниот исто што беше поврзан со Европската унија, меѓутоа ние не го утврдуваме дневниот ред. Ние сме принудени да работиме врз основа на овој дневен ред што овде ќе ни биде предложен од страна на претседателот на Собранието, а факт е дека тој постојано го користи мобилниот телефон и е на линија на Владата, има контакти дури и за тоа кога да се заврши седницата, кога да отпочне, која седница да продолжи, сите оние трикови со кои секојдневно се настојува да се наруши или да се зголеми нередот во работењето во Парламентот. Невистина, не знам дали воопшто имате претстава што ќе се случува со точките од 8 до 26, ако имаме и други отворени седници на Собранието на кои има точки поврзани со евроинтегративните процеси, а тие ни од далеку не се ваш приоритет. Да спомнам многу прашања кои веќе значат постоење на правна празнина во Република Македонија. Создаден е еден вакум просто, меѓутоа апсолутно не гледам никаква идеа како да се излезе од таа состојба. Ќе го спомнам Законот за управни спорови. На 27 мај требаше да профункционира тој закон, да се применува и управните спорови да се решаваат од страна на Управен суд. Сега нема веќе законска обврска, нема ни законска можност, да не велеам обврска, Врховниот суд да постапува, а Владата достави едни измени и дополнувања, откако беше опомената овде од опозицијата дека се создава вакум простор, меѓутоа тој закон никаде не го гледаме, ниту имате желба нешто да направите за Македонија, да кажеме дека е правна држава.

**Иван Анастасовски:** Јас се извинувам да се вратиме на законот за Влада, ако може. Да се држиме на точката од дневниот ред.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Потпретседателе, зборувам за се она што не опкружува, со што сме соочени и за што денес го трошиме времето, а не е само законот за Владата. Законот за Влада е само една точка во однос на морето прописи што ни ги доставувате, а не се приоритет на Република Македонија. Меѓутоа, факт е дека вие настојувате преку медиумското информирање да ја залажете македонската јавноста преку одредена форма зад што не се крие никаква суштина, никаква содржина што би била во интерес на државата. Затоа, еве и со овој закон за дополнување на Законот на Владата, предлагате од сектор за Рамковниот договор кој до сега со години наназад функциорнира во рамките на Генералниот секретаријат во Владата, овој сектор да прерасне во самостоен секретаријата. Сите тие што работеле со оваа материја, поблизу или подалеку знаат што значи тоа, се менува само формата и ќе се смени само потписникот на сметката со која ќе работи секретаријатот се друго останува исто. Затоа не гледам некаква разлика во однос на она што сте го дефинрале во законот, како надлежност, како обврски на секретаријатот за Рамковниот договор, различно од тие што досега ги имаше секторот за Рамковниот договор кој и сега функционира во рамките на Владата. Значи, повторно ќе спомнам се работи за една ваква определба, за гола форма, криење на вистинските побуди, а создавање привид дека првите нешто значајно. Но, јас ќе кажам, многу е важна суштината.

Во изминатите години во тој сектор за Рамковниот договор се направи многу и многу повеќе отколку што верувам ќе се прави во рамките на овој секретаријат. Тоа впрочем е запишано во мнгоу документи. Врз основа на тие достигнувања Македонија, меѓу останатите, го достигна и кандидатскиот статус за членство во Европската унија и факт е дека претходно беше оценет еден процес на позитивна оценка на спроведувањето на Рамковниот договор во чие спроведување имаше удел и тој сектор за Рамковниот договор кој функционира во рамките на Генералниот секретаријат на Владата.

Коалиционите партнери во Владата знаат дали е тоа некаков компромис помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, дали е тоа залажување на македонската јавност, ќе речам во целина, независно од тоа кој на која заедница припаѓа, бидејќи сметам дека како држава треба да се подготвиме за граѓански определби, да ги гледаме во целина интересите на граѓаните и на државата, секако тоа што претставува уставна и законска обврска, да се почитува и во однос на правата на заедниците, меѓутоа, наша обврска е и на сите претставници на државните иснтитуции да ги јакнат односите помеѓу заедниците, а не да постапуваат спротивно на тоа. Но, за жал, мислам дека некои прашања и некој начин на работа кој се практикува, говори за нешто спсема спротивно или пак во најмала мера значи само задоволување на лични интереси на одредени политичари, најмалку на интересите на припадниците на заедницата од каде потикнуваат тие политичари.

Нашата заложба како пратеници од опозицијата беше со своите дискусии да придонесеме Владата да се подзамисли за тоа на кој начин, во која постапка го предлага овој закон, бидејќи истовремено со предлогот да се дополни законот за Влада со нов секретаријата за Рамковниот договор, има и еден друг предлог во однос на портпаролот, не наиде на одговор, бидејќи ние, без оглед на тоа што ја цениме повеќе содржината и што е тоа што дефакто се работи, ќе го подржиме и овој проект кој ја зајакнува формата преку која ќе работи секторот за Рамковниот договор или во иднина секретаријат на Рамковниот договор, значи тој дел го подржуваме. Меѓутоа, тоа што Владата не го прифати овој наш предлог покажува дека апсолутно како и за многу други прашања што се покренуваат овде во Парламентот, Владата ги гледа исклучиво своите ставови и апсолутно не покажува никаков интерес за комуникација, едноставно на комуникација со пратениците од опозицијата, да ги чуе ставовите, да ги слушне моментите па врз основа на тоа да изгради заклучоци. Значи, во однос на делот на Рамковниот договор го подржуваме законот, меѓутоа, не сакам да се создаде впечаток дека во однос на оној дел кој што можеби, веројатно е во последна фаза е дополнет, а се однесува на именувањето на портпаролот од страна на Владата како именуван функционер кој ќе ги има правата, обврските и одговорностите како и другите функционери, дека сме исклучиво против заради тоа што градиме исклучиво партиски став. Не, мислам дека самото решение што се нуди во законот покажува и начинот на кој што е пропишано во законот покажува на задоволување на дневно политички потреби на Владата и претставниците на Владата, а секако и на тие функционери или на тој функционер кој што ќе ја врши оваа функција, затоа што решението во законот не создава еден конзистентен систем. Ќе има избор на портпарол, бидејќи така вели членот на законот кој тоа го предвидува, редовното информирање на јавноста за работа на Владата и за донесените заклучоци го врши портпаролот на Владата на Република Македонија кој го именува и разрешува Владата. Значи, толку, со една реченица завршува се и ќе имаме избран функционер кој ќе биде човек сам за себе. Каде ќе работи, кому ќе му одговара, како ќе одговара, за што ќе одговара, дали ќе раководи тој со некого, каков ќе биде статусот на тие лица. Нема ништо напишано. Да потсетам, и до сега во Владата, како што имаше и сектор за спроведување на Рамковниот договор, има сектор за информирање кој е предвиден согласно правилникот за систематизација на Генералниот секретаријат на Владата и раководител најчесто се јавува лицето кое во име на Владата ќе ја известува јавноста за тоа што го работи Владата, со статус, до сега, на државен службеник. Меѓутоа со ова решение буквално само портпаролот на Владата се извлекува од тој систем на државни службеници и според овој предлог во иднина ќе биде именуван функционер на Владата. Меѓутоа, што се случува со секторот за информирање, со вработените во секторот, кому ќе одговараат тие, кој ќе им биде претпоставен, на генаралниот секретар на Владата што досега е согласно досегашните прописи и систематизацијата или пак на портпаролот на Владата. Ќе се создаде едно двојство помеѓу Генералниот секретаријат и портпаролот на Владата.

Значи, ова решение покажува дека не се гледало на проблемот и на прашањето во целина и не е целта Владата да биде потранспарентна во својата работа, туку целта е нешто друго. Политиканство, задоволување на лични интереси и т.н.

Значи, со ова решение портпаролот станува именуван функционер кој треба да добие статус на функционер, да ги ужива сите права и обврски од работата, да добива плата од Буџетот, меѓутоа за што?

Тоа го спомна колегата Влатко Серафимов од каде потекнува зборот портпарол, од глаголот портаре, што значи носи, изнесува, пронесува и пароле, што значи зборови. Значи изнесува зборови, меѓутоа, во врска со што? Како портпарол на Владата изнесува зборови, ставови на Владата на Република Македонија и тоа би требало да биде улогата на портпаролот. Меѓутоа со што се соочуваме во пракса? Дали овој закон, овие дополнувања ќе значат именување на функционер кој ќе биде порпатол, ќе изнесува ставови на политичка партија или со државни средства ќе се плаќа функционер кој треба да ја критикува опозицијата. Дали е тоа согласно прописите во Република Македонија ?

Мислам дека на јавноста и е доволно познато, постојано ги следи прес конференциите и во Владата и во партиите, па јавноста може да донесе свој суд по однос на ова прашање. Но, јас би рекла каде е тука етиката и личната етика, но и

пошироко на одредени колективитети на ниво на политички партии, пошироко институции, до колку навистина сакаме транспарентно, точно и прецизно и објективно информирање на граѓаните, а не ширење на политиканство и лажни информации кои уште повеќе ги збунуваат граѓаните и кои предизвикуваат негативни чувства кај граѓаните во моментот кога ги слушаат тие информации.

Денеска имавме можност во текот на дискусијата дури да слушнеме и различни ставови помеѓу политичките партии, од владеачкото мнозинство, па се псотави прашањето кое ќе биде лицето што ќе биде портпарол на Владата, па дали треба да бидат двајца, дали треба да биде еден или повеќе, дали треба да има еден портпарол и негов заменик и навистина се создадоа многу дилеми, па дури имаше интервенции од колеги за да направат компарации во претходниот период и сега. На тоа постојано се навраќаме, но тоа е веќе начин на работа на ова парламентарно мнозинство со постојано споредување, меѓутоа, никогаш со работа во интерес на државата.

Заборавате дека сте власт и дека од вас зависи состојбата во Република Македонија и од вашата умешност за соработка со опозицијата зависат проектите што зависат од поддршката на опозицијата, но од вас зависи состојбата во Република Македонија. Вие го избирате

погрешниот пат постојано да се конфронтирате изнесувајќи ги само личните и партиските интереси.

До колку навистина определбата на Владата е да има транспарентност на работа и објективно информирање на граѓаните, сметам дека најмало е прашањето кој ќе биде портпаролот, колку портпароли ќе има, туку основно ќе биде дали тој портпарол, заменикот или портпаролите ја вршат својата работа законито, објективно и согласно етиката во вршењето на оваа работа. Мене лично навистина ми е сеедно кој ќе биде по име и по презиме или како припадник на заедница портпаролот, но сакам тој што ќе се јави во улога на портпарол на Владата најмалку да биде критизер на сите останати, туку да биде презентер на Владата достоен да ја претставува Владата на Република Македонија, бидејќи сите сме граѓани на оваа држава. Но, за жал, не можам да кажам дека од она што го гледаме се случува ова за што зборувам, туку напротив, се случуваат некои појави кои и граѓаните имаат можност да ги оценат, но придонесуваат за помала гледаност и на медиумите заради ваквиот став во работењето на Владата.

Затоа, еве уште еднаш, ќе апелирам и до министерот за правда иако тоа до сега не се случило, барем не гледам и од денешната расправа дека мојот говор ќе побуди некаква измена, дека има можност Владата да го повлече ваквиот текст на законот, да направи дополнувања кои би биле поддржани во целост за во пракса навистина овој закон да даде позитивни резултати. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Само накусо, мислам дека и денешната расправа покажа дека нема никакви сугестии или предлози за подобрување на текстот на законот, за подобрување на неговите решенија, туку се отвора расправа за да се развлече и денешниот ден да помине, да неречам, во јалова расправа.

Инаку, јас сум сигурен во тоа дека и пратеникот Младеновска ја сфаќа сериозноста на оваа функција и дека сосема е логично и правно издржано Владата да именува портпарол кој ќе ги искажува ставовите и оценките на Владата отколку таа функција да ја врши некој што е подреден на генералниот секретар.

Сосема е јасно дека определбата на Владата е да се зајакне одговорноста на портпаролот, тој автентично да ги застапува и да ги презентира ставовите и одлуките на Владата.

Инаку, во текот на денешниот ден имаше големи напади, оценки на актуелниот портпарол. За мене тоа е доказ дека тој многу успешно ја извршува оваа функција. Ако беше обратно, тогаш СДСМ ќе го афирмираше и ќе тврдеше дека е добар.

Мислам дека и денешната расправа покажува дека ние не сакаме брзо да се движиме напред, туку напротив, губиме време по цели денови, како што беше расправата за Законот за културно наследство. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Младеновска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам.

Не гледам каде се движиме напред со овој закон. Јас кажав овој закон не е дел од агендата за евроинтеграција. Овој закон е приоритет на Владата заради задоволување исклучиво на потребата на Владата и коалиционите партнери.

Пред мене е дневниот ред нема знаменце, а на претходните закони да. Загрижувачки е тоа што еве после долга расправа дел од колегите не знаат и не можат да ги протолкуваат нашите предлози за дополнување на текстот или за измени со цел да направиме текст кој ќе биде прифатлив за сите. Тоа е прашањето за портпаролот. Едниот предлог е воопшто да не биде дел од текстот на законот за да остане постојното решение, а второто е заради конзистентност ако има портпарол, тогаш да се дефинираат сите други прашања поврзани со секторот за информирање во рамките на Генералниот секретаријат и работата на портпаролот. Вака произлегува дека е човек сам за себе и дека основно на Владата е да направи

тој што е портпарол да биде функционер што ќе троши државни пари.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Се извинувам на оние кои дофрлуваат, бидејќи имам право да се јавам по втор пат. На почетокот, бидејќи прв говорев, дадовме еден деловнички легитимен предлог и барање до предлагачот, до министерот за правда кој го брани законот и кој одбра да молчи во однос на тоа.

Побаравме процедурално за да не ја доведуваме во прашање подршката и изгласувањето на законот односно дел од законот кој се однесува за формриање на секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, бидејќи унапредувањето на портпаролот нема врска со интересот на Република Македонија односно е неспоредлив со некои други приоритетни прашања кои Владата ги наметнува како приоритети за расправа во ова Собрание за да Владата го раздвои односно го повлече овој дел од решението во законот за унапредување на портпаролот.

Во ред, тоа е ваше деловничко право, можете да одберете да го браните законот или предлогот да не одговорите, да го браните со молчење, меѓутоа, не знам зошто одбравте и самиот портпарол од аргументираните напади на опозицијата денеска овде на Владата да го браните повторно со молчење. И вие почитуван министре и мнозинството со исклучок, колегијален, на Влатко Ѓорчев кој стана и реплицираше. Си кажа свои аргументи.

Зошто никој не се обиде да го одбрани Ивица Боцевски како владин портпарол од владиното мнозинство, условно да се соочи со аргументите на опозицијата зошто не треба да се унапреди портпаролот со ваков закон, зошто портпаролот е лош за имиџот на Владата и на Република Македонија, зошто ја злоупотребува владината позиција за пресметка со опозицијата и т.н.

Претпоставувам затоа што не е ваш партиски човек и затоа што не чувствувате потреба толку ревносно да застанете зад него како политичка партија и да го браните. Затоа може да се извлече една друга теза во контекст на гафовите или изјавите кои под дригентска палка на премиерот Груевски ги даваше портпаролот како на пример оние фројдовски изјави што ги кажав за народните поговорки од северниот сосед, понатаму за онаа славна прес конференција за терористичкиот напад на Владата. Дали всушност сега премиерот сака не само да го награди со повисока плата и со владина функција и моќ затоа што го избања пред целата македонска јавност и му ги расипа надежите за да во иднина со тоа СИ-ВИ понатаму се пробива низ кариерата, или од друга страна истовремено со наградата ќе го легализира владиното оружје кое се злоупотребува, бидејќи велите дека Владата е на сите граѓани, против опозицијата за институционална пресметка со опозицијата.

Со сета почит, ако Ивица Боцевски сака да се споредува на пример со еден пар екселанс париско решение владин портпарол на времето Антонио Милошоски кој, повторувам, беше партиски човек, освен зголемувањето на платата, не верувам, ова е сигнал затоа што не го браните овде во Собранието дека еден ден ќе му се оствари и амбицијата да стане министер во Владата на Никола Груевски. Најопасното од се, едно е што ја злоупотребувате Владата како институција против опозицијата, туку многу е симптоматично што Владата олицетворена преку портпаролот се поистоветува, се изедначува со граѓаните на Република Македонија не само што се задскрива кога тоа и одговара на Владата, туку и се повикува на граѓаните. Најопасно од се е токму тоа. Мора да свати и портпаролот и неговиот ментор Никола Груевски дека сепак за ВМРО-ДПМНЕ и за Никола Груевски гласале 320-330 илјади граѓани на Република Македонија. Велите дека Владата е на сите граѓани на Република Македонија, ќе повторам, и на оние што не гласале, што е нивно право, и на оние што гласале за некоја друга политичка партија.

Затоа, немојте, да ја браните Владата, а најмалку од граѓаните, а најмалку од опозицијата. Или немојте да ги браните граѓаните со кои се поистоветувате дека вие сте од Господ дадени од опозицијата. Значи, не сте вие репрезент онака како што се однесувате ни фактички ни теоретски на сите граѓани на Република Македонија. Затоа ви препорачав, во тоа може да ви помогне и колешката Анета Стефановска како пример на портпарол за изготвување на еден кодекс на однесување. Инаку, тука се отвори дилема дали му требало помошник, заменик на портпаролот. Видовме ние, јас кажав и во првата дискусија, не му треба воопшто заменик на Ивица Боцевски, тој веќе си има заменик во ликот и делото на самиот премиер кој за убавите работи излегува со целата поштена владина свита пред граѓаните, а за оние грдите работи кои треба да се навредува, да се омаловажува, го пушта Ивица Боцевски кој секогаш, затоа што Владата е на власт, затоа што ВМРО-ДПМНЕ е на власт, според вас ја говори само вистината. Не заборавете дека не значи ако сте вие на власт и ако Ивица Боцевски е владин портпарол дека тоа е единствената вистина во Република Македонија, посебно за аргументите на кои не може да одговори и на кои одговара со навреди, со приповетки на опозицијата дека оваа Влада и поединци од оваа Валда е корумпирана. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина немав намера да реплицирам, но увидов дека пратеникот односно и претходниот

дискутант господинот Кондарко беше доста загрижен и тоа ме наведе да му реплицирам да не се секира бидејќи портпаролот на Владата или Ивица Боцевски е навикнат секогаш да биде победник и сигурно на идните избори ќе им го сврти грбот така што нема потреба да се секираш господине Кондарко. Боцевски повторно ќе биде во вашите редови, ќе ве сочека на таа функција. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика за господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Господине Рафис Алити, најдобронамерно ја сватив вашата реплика и укажувања, меѓутоа, еве јавно да одговорам на вашата загриженост, многу кратко. Не, благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за господинот Зоран Петрески, повелете.

**Зоран Петрески:** Почитувани пратеници, мислам дека една сериозна тема ја направивме да биде премногу несериозна.

Понудениот закон како што пратениците од опозицијата го поделија во два дела, едниот дел се однесуваше на секретарјатот за имплементација на Рамковниот договор и вториот за портпаролот на Владата на Република Македонија.

Што се однесува до секретарјатот, мислам дека цел ден се обидувате да најдете некакви аргументи со кои ќе ја негирате оваа измена во систематизацијата на самата Влада, но сепак, мислам дека скоро без исклучок сите дискутанти признавте дека зголемувањето на ингеренциите и подобрувањето на тимот кој ќе работи на имплементација на Рамковниот договор е сепак добра и дека како опозиција ќе ја подржите оваа измена. Мислам дека немаше потреба на долго и широко да се сомневате во тоа дали овој секретаријат ќе ги оправда очекувањата, дали навистина ќе придонесе кон подобрување на работите и едноставно требаше да го подржите, бидејќи впрочем до колку Рамковниот договор е доволно имплементиран сега ние како Влада и оваа Влада ќе немаше доволно работа.

Сепак зголемувањето на ингеренциите значи дека сеуште многу работи останале неимплементирани и има потреба од формирање на еден ваков секретаријат кој што ќе ги убрза и ќе ги заврши работите со имплементацијата на Рамковниот договор.

Што се однесува до порт паролот тоа е едно сосема техничко прашање кое што со овој закон се регулира статусот на еден функционер кој што во името на Владата ги соопштува ставовите на Владата. Вие се обидовте да се пресметате со еден ваш поранешен член за кој што велите дека сте вложувале во него, кој што сега ја сменил партиската боја. Ова зборува дека оваа Влада квалитетните кадри ги прифаќа и дека не е важно дали некој порано членувал во една или во друга политичка партија, таа ги прифаќа таквите граѓани и луѓе кои што сакаат да придонесат.

Со вашето напаѓање и со вашите дискусии во текот на целиот ден денеска само му ја подигнавте неговата цена и направивте да се чувствува горд во овие моменти кога слуша колку ви е жал.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Една минута контра реплика пратеникот Борис Кондарко.

**БОрис Кондарко:** Благодарам.

Господине Петрески сепак успеав да ве испровоцирам затоа што реков никој не го брани од владиното мнозинство кутриот Ивица Боцевски затоа што не е партиски човек. Јас не можам да зборувам за неговата гордост, за гордоста на Ивица Боцевски, да говорам можам само за мојата. Ќе кажам дека не би се гордеел да сум порт парол на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и на Никола Груевски.

Инаку, верувам дека сте во многу непријатна ситуација кога вака на сила треба изнудено да браните решение кое не е ваше партиско решение. Сепак Ивица Боцевски не е на пример Антонио Милошески или Влатко Ѓорчев.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Ќе бидам многу краток бидејќи очигледно дека ова прашање околу порт паролот предизвика можеби преголемо внимание, но сепак отвори многу прашања кои што за жал од министерот сеуште немаме добиено одговор.

Околу Предлогот за измени и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија се предлага со цел да се воведат две новости односно да се подигне нивото на одделението за спроведување на Рамковниот договор на ниво на секретаријат што во суштина е прифатливо и мислам дека суштински нема да допринесе ништо во поквалитетното спроведување на Рамковниот договор, но најверојатно ќе се вброи како поен или придонес на политичката партија на Албанците во власта дека нешто направиле во поглед на поквалитетно спроведување на Рамковниот договор, но во суштина мислам дека работите и понатаму ќе функционираат исто како што функционирале и досега.

Прашањето кое што најмногу предизвика дилеми тоа е предлогот порт паролот на Владата да добие статус на функционер односно Владата да биде таа која што ќе го именува ова лице. Кај мене се поставува прашањето имајќи го во предвид досегашниот начин на работа на порт паролот на Владата, зошто, кои се мотивите на

Владата да го направи ова. Образложението кое што го даде министерот и како што пишува во Предлогот за измени и дополнување во Законот е дека тоа ќе придонесе за редовно и навремено информирање на јавноста за нејзината работа. Мислам дека не држи и не е во ред такво образложение да се дава бидејќи сведоци сме преку медиумите порт паролот на Владата секој ден држи некој прес конференција, некогаш дури и неовластен од Владата како што беше во случајот со гранатирањето, наводното гранатирање на Владата си зема за право да презентира ставови.

Кај мене е дилемата дали Владата ова го прави со цел да го награди постојниот порт парол и неговата функција да ја подигне на ниво на функционер или го прави со цел да се зголеми одговорноста во работењето на порт паролите посебно на Владата. Не знам зошто тука не се внесени и министерствата при соопштувањето на мислењето или ставовите на институциите чии ставови ги презентираат. Ако е како награда на постојниот порт парол мислам дека е грешка бидејќи постојниот порт парол најмалку што работи е дека всушност презентира и им дава јасна слика на граѓаните на Република Македонија што всушност работи Владата. Јас го разбирам тоа негово однесување бидејќи како поранешен член на СДСМ или човек кој што работел во претходната Влада сигурно треба многу повеќе да се труди за да ја оправда довербата кај постојната Влада, но ќе остане резервата постојано спрема него дали кога ќе дојде време како што кажа колегата Рафис Алити нема и тогаш да ги промени боите. Значи, грешка е што Владата ако оваа измена и дополнување се решава да го направи за да го награди постојниот порт парол и да му даде статус на функционер, бидејќи не само што не добро си ја врши својата работа туку на клучни прашања од работата на Владата не дава одговори. Сведоци сме на неколку последни прес конференции на прашања директно колку чинат одредени кампањи на Владата, тој нуди некои филозофски одговори или на прашањето на опозицијата за одредени афери тој кажува некои поговорки без да го презентира ставот на Владата.

Од тој аспект мислам дека многу лошо ја брани Владата по овие прашања. Доколку е целта да се подигне нивото на одговорност на порт паролите, конкретно на порт паролот на Владата би можело да има разбирање доколку Владата понуди некој етички кодекс според кој ќе се мери начинот на работа на овие порт пароли и нивното презентирање на ставовите на јавсноста. Ако правиме некоја компарација со некои други порт пароли ќе видиме дека порт паролите на Владата во суштина се многу прецизни во своите ставови, даваат само технички информации и многу ретко навлегуваат во давање на политички констатации особено што не се некогаш во координација дури и со органот чии ставови ги презентираат.

Ако сакате да воведете сериозна функцина на порт парол на некоја институција дури и да му дадете функционерски статус мислам дека прво требаше да понудите и етички кодекс или критериуми по кои ќе се мери одговорноста на ова лице, а не во овој случај ако е намерата да го наградите, едноставно на товар на државата, на товар на парите на граѓаните да го правите функционер само затоа што успешно ја навредувал опозицијата, а многу малку ги бранел ставовите на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор претеникот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Дозволете накратко, многу кратко ќе зборувам да соопштам две работи во врска со овој закон.

Прво, Законот за органите на државната управа кој ја уредува структурата на извршната власт во Република Македонија е познат и од него произлегуваат многу други закони кои уредуваат субструктури согласно со законите кои се за различни дејности. Овде Владата прави еден сериозен исклучок. Имено, ја погледнете структурата на Владата на Република Македонија, не со нејзините органи, министерства и други вие ќе видите дека во Владата од избрани и именувани лица има членови во Владата кои се избрани од Собранието на Република Македонија и има генерален секретар кој е именуван, претпоставувам од Владата според законот иако и тој има колку што се сеќавам, не сум сега убеден има статус на државен службеник заедно со генералниот секретар на Собранието и со генералниот секретар на Претседателот на Државата и мислам дека на Уставниот суд и на Врховниот суд. И тука завршува приказната.

Системот на државни службеници ги уредува другите функции како се уредуваат односно другите функции во смисла на работни места. Овде Владата прави исклучок и затоа тој на страна на шегите кои што овде се и од обидите од целата ситуација гротестно да се претстави, таа се претставува заради личноста која во моментов ја врши функцијата, не заради функцијата. Затоа е гротестна целата ситуација. Инаку, Владата прави сериозен исклучок што од системот на државни службеници извлекува еден, единствен и го претвара во избран и именуван. Да не заборавиме дека од моментот на стапувањето на сила на овој Закон ако Собранието го изгласа за оваа функција која се воведува со овој закон сега ќе важат сосема други правила по други основи. Ќе треба да се одреди коефициент, ќе треба да зема плата која зависи од коефициентот како што е за пратениците и министрите и за директорите на државните органи во состав на министерствата итн. Значи, тоа ќе биде исклучок во системот кој ќе биде избран и именуван функционер кој не раководи со ништо, кој нема извршни функции, кој нема орган со кој раководи, кој го не го покрива

закон согласно кој тој извршува одредени функции. Да споредиме извршна функција изборно именувана функција е на пример директор на Управа за санкции во Министерството за правда. Тој не е избран од Парлементот, е именуван од Владата, меѓутоа тој има орган, има затвори, има орган кој има извршни функции и затоа е избран и именуван. Оваа функција и во самиот закон е поставена така да нема никакви функции позади него, ниту пак има извршни дејствија кои се уредени со некој закон. Да речеме, со Закон за имотно правни односи произлегува функцијата на директорот за имотно правни односи во фунансии. Со Законот за царина е уредена функцијата на директорот на Царина кој е именуван од Владата, а е во состав во Министерството за финансии.

Со кој закон се покрива работата на овој избран и именуван човек, со овој еден исклучок во законот. Затоа господин потпретседателе и затоа почитуван господин министер сакам сериозно да предупредам дека овде сериозно мириса на една не византинска туку османлиска политика, а тоа е следново: Владата на Република Македонија сакајќи да најде начин како да издвои некој од обичните и за него да создаде во системот посебни права, врши упад во системот. Тоа го правеле османлиите по принципот по системот како што тие го нарекле кога го установиле така наречени нови трупи. Имаме тука Турци во Парламентот, има тука луѓе кои што ја знаат историјата, ќе кажат што е во превод на турски зборот нови трупи. Кога се исцрпиле трупите со кои можат понатаму да освојуваат нови површини и нови територии османлиите почнале да создаваат трупи од ново освоените територии од не турското население, нови трупи и тие имале повластена улога во системот. Новите трупи имале повластена улога во системот затоа што ако немале повластена и системот на мотивијацијата ќе бил лош. Во овој случај се работи за тоа.

Вие имате нови трупи кои не можете на истиот начин да ги валоризирате како и нормалните трупи кои се државната администрација и морате да им создадете привилегија. Во нашиот систем како и во другите системи во Европа привилегија не може да произлезе ако немате во Законот. И, сега вие го менувате со законот новите трупи на османлиите кои се дренирани не од османлиските туку од поробените народи да ги повластите на начин на кој мислел султанот дека доликува.

Токму овој исклучок кај нас создава впечаток дека Законот не произлегува од системот туку произлегува од исклучоци и дозволете дека имаме совршено право да соопштиме дека ваквите исклучоци не водат никаде, не водат никаде. Едноставно привилегирана позиција за услугите кои се даваат. Се отвора дополнителното прашање кое мислам дека беше спомнато овде дека оваа функција по завршување на мандатот или разрешување се отвора прашањето на доделување на така наречена апанажа од страна на Владата. Значи порт паролот ќе има продолжеток од 12 месеци на примање на плата од страна на Република Македонија и тоа сосема е некогзистентно со системот кој сега функционира. И, сега замислете, во Владата од толку важни функции избрани и именувани се премиерот, замениците,министрите, генералниот секретар и порт паролот. А, јас ќе ви набројам уште сто функции бидејќи сум бил и член на влада и еднаш броев во овој Парламент има 30-тина поранешни министри од разни области, сите знаеме дека таквото наградување врши ерозија во другите. Има раководители на сектори, државни советници со пониски плати, со понизок статус, но со многу поголема одговорност од оваа функција. Оваа функција е трансмисија на зборовите на господин Груевски. Тој мисли дека СДСМ е буѓосана краставица и тоа го изговара преку устата порт паролот. И, тоа дете не е криво за тоа, се извинувам за зборот, тој човек порт парол не е крив за тоа, тој едноставно ги изговара зборовите на премиерот.

И, јас се согласувам со зборовите на господинот Рафис Алити дека ќе си продолжи да си ги изговара зборовите и во иднина. Знаете, има една анегдота од поранешна, екс Југославија, во Кралска Југославија имало некој добар свирач на виолина, Ром, свирел во кафеаната на кралските офицери. Дошла германската окопација, свирел на германските офицери. Дошла бугарската окупација, свирел на бугарските офицери. Кога после тоа дошла југословенската социјалистичка армија и кога тие дошле во кафаната рекле вие да си излезете не сакаме да ни свирите, а тој рекол, извинете јас живот свирам во кафеаната, само вие се менувате.

Така да господин Алити немојте да се секирате дури и ДУИ да дојде на власт тие луѓе, така наречени нови трупи ќе требаат затоа што подобро се пресметуваат со сопственото население. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Господине потпретседателе со согласувам во целост со пратеникот Поповски дека ако дојдеме ние на власт, ако ги добиеме ние изборите и ако формираме Влада секако дека ќе биде и порт паролот, ние имаме искуство од минатото, многу членови на други партии кога дојдовме на власт станаа наш дел, така што и ова нема да не зачуди ако се случи. Но, ви благодарам за тоа што ни го понуди. Доколку дојдеме на власт и ние ќе го именуваме за порт парол. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок: Собранието го усвојува Предлогот за донесување

на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија.

Пред да ве повикам да гласаме, ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата да пристапиме кон гласањето.

Почитувани колеги, ве повикувам да гласаме.

Ги замолувам службите да го утврдиме точниот број пратеници кои се во салата, без колегата кој влезе сега.

Во салата во моментот на гласањето имаше 68 пратеници.

Гласаа 59, за гласаа 58, еден се воздржа од гласање, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника. За гласале 55, 2 воздржано, 1 гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници,

Сакам на крајот да го искажам нашиот став за да нема дилеми.

Ние го поддржавме овој закон само заради формирањето на секретаријат за имплементација на Рамковниот договор.

Ние не го поддржуваме решението за портпаролот, меѓутоа бидејќи е подметнато во законско решение со кое се предлага формирање на исклучително важно тело, кое што има сериозни ингеренции ние го поддржуваме овој закон со сериозна забелешка за членот кој се однесува за портпаролот.

Значи СДСМ го поддржува законот исклучиво заради фактот дека се формира секретаријат за имплементација на Рамковниот договор.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници. За гласале 65, 1 се воздржува од гласање и нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија.

**Минуваме на точката 9.**

Три минути процедурално за пратеник господин Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Потпретседтеле, доаѓаме до 9-та точка на дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, со Предлог на закон доставен од Владата на Република Македонија.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери водејќи сметак дека овој закон е многу значаен за политичкиот плурализам и демократијата во Република Македонија и со оглед на тоа што има доволно време до првите наредни избори, знаеме дека наредните избори се претседателски и локални кои што делумно овие одредени законски решенија кои што се предложени имаат своја импликација и со оглед на тоа што Владата година ипол пред тие избори достави предлог за изменување и дополнување на овој закон, што значи има доволно време до тогаш, со оглед на тоа дека е потребен поширок консензус во однос на донесувањето на ваков битен, многу значаен закон, претходно кажав, кој што е битен за политичкиот плурализам и демократијата во Република Македонија, предлогот кој што е поделен, барам поддршка од 10 пратеници се однесува на следното.

Предлогот е овој закон да биде разгледан во две фази со тоа што на денешната седница точка на дневен ред да биде само Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик.

Откако ќе се донесе ваков закон, откако ќе се разгледаат извештаите на работните тела и искажувањата на пленарната седница добро е Владата да ги разгледа сите забелешки кои ќе бидат искажани на денешната седница и да ни достави втора фаза на Предлогот на законот.

**Иван Анастасовски:** Благодарам,

Дали имате поддршка за вашиот предлог од 10 пратеници? (Има).

Во тој случај колеги предлогот на пратеникот Трајко Вељаноски, ако добро разбрав, барате само Предлогот да се разгледува на денешната седница на законот за изменување и дополнување на Изборниот законик го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата има присутни над 70 пратеници.

Вкупно гласале 57, за гласале 56, нема воздржани и 1 гласал против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на пратеникот Трајко Вељаноски законот да се разгледува само како предлог.

Три минути процедурално за пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Потпретседателе,со оглед на тоа што имаме новонастаната состојба во делот на изборниот законик и точката на дневен ред која што е во моментот, со оглед на

предомислувањето од страна на ВМРО-ДПМНЕ од начинот на донесувањето на овој закон, во името на пратеничката група на СДСМ барам еден час пауза заради подготовка за текот на седницата.

**Иван Анастасовски:** Тоа право го имате.

Објавувам пауза од еден час.

Почитувани колеги, после паузата реално остануваат уште 8 минути, па јас мислам дека е коректно овде да ја завршиме денешната работа.

Утре во 10,30 часот продолжуваме со работа по 9-та тчка од оваа седница.

(Седницата прекина со работа во 16,20 часот)